# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 29 декември 1995
Скопје
Број 65 Год. LI

Претплатата за 1995 година изнесува 5.000 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**1649.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ КРЕДИТНА ЛИНИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 1995 година.

Број 08-4357/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ КРЕДИТНА ЛИНИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 1

Република Македонија, како гарант, презема обврски да ги намири обврските по Договорот за заем за Кредитната линија за мали и средни претпријатија, што е склучен меѓу Европската банка за обнова и развој (заемодавач) и Стопанска банка, Македонска банка, Алмако банка и Експорт-Импорт банка (заемопримачи), во вкупен износ од 40.000.000,00 ДЕМ, во рокови и под услови предвидени во договорот за заем, склучен со секоја банка поединечно, доколку банките заемопримачи не ги отплатат кредитите.

Член 2

Заемот од член 1 од овој закон ќе го отплатуваат Стопанска банка, Македонска банка, Алмако банка и Експорт-Импорт банка.

Член 3

Средствата од заемот од Европската банка за обнова и развој ќе се користат главно за финансирање на долгорочни проекти за малите и средни претпријатија од приватниот сектор, како и за општествените претпријатија кои спроведуваат програма за приватизација, освен јавните претпријатија.

Член 4

Заемот од член 1 од овој закон ќе се отплатува во рок на пристигнување од најмногу пет и пол години во кој е вклучен грејс период од најмногу 18 месеци и со стапка ЛИБОР за шестмесечни депозити плус провизија од 3,2 процентни поени.

Член 5

Владата на Република Македонија со секоја од банките заемопримачи за кои се дава гаранција склучува договор за обезбедување на плаќањето на заемот.

Член 6

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со договорот, во име на заемопримачот ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците од сметката на корисникот на кредитот.

Член 7

Министерството за финансии ќе пресметува и наплатува 0,5% провизија на износот на заемот за кој се дава гаранција, во согласност со амортизациониот план од Договорот за кредит.

Провизијата од став 1 на овој член се пресметува од денот на издавањето на гаранцијата за заем и е приход на Република Македонија.

Провизијата ќе се пресмета сé до известувањето од Европската банка за обнова и развој за престанување на потребата од условеноста на заемот за гаранција од државата.

Член 8

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1650.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРИТЕ ЗА ЗАЕМ ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ЈП „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА" - ПОГОН РЕК ОСЛОМЕЈ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заем за набавка на опрема за ЈП „Електростопанство на Македонија" - Погон РЕК Осломеј,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 1995 година.

Број 08-4356/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРИТЕ ЗА ЗАЕМ ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ЈП „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“ - ПОГОН РЕК ОСЛОМЕЈ

Член 1

Република Македонија, како гарант, презема обврска да ги намири обврските по договорите за заем за набавка на опрема за ЈП „Електростопанство на Македонија“ - Погон РЕК Осломеј, склучен меѓу ЈП „Електростопанство на Македонија“ - Скопје и MAN - Takraf од Lajpcig - Сојузна Република Германија и Transporta од Chruding од Република Чешка, во вкупен износ од 23.700.125,00 ДЕМ, под роковите и условите предвидени во договорите за заем.

Член 2

Заемот од MAN - Takraf во износ од 16.013.575,00 ДЕМ ќе се отплатува во 10 полугодишни рати, со каматна стапка од 6,67% годишно и со грејс период од шест месеци од денот на пуштањето на опремата во работа.

Заемот од Transporta во износ од 7.686.550,00 ДЕМ ќе се отплатува во 12 полугодишни рати, со каматна стапка од 7,5% годишно и со грејс период од шест месеци од денот на пуштањето на опремата во работа.

Член 3

Заемите од член 1 на овој закон ќе ги отплатува ЈП „Електростопанство на Македонија“ - Скопје од своите приходи.

Член 4

Доколку пристигнатите ануитети во роковите на пристигнување, во име на заемопримачот ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците од сметката на корисникот на кредитот.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**1651.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ КРЕДИТИ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ВО ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ

Се прогласува Законот за претворање на краткорочни кредити од примарната емисија во долгорочни кредити,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 1995 година.

Број 08-4353/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ КРЕДИТИ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ВО ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ

Член 1

Со овој закон се уредува претворањето на краткорочните кредити од примарната емисија дадени на банките и крајните корисници за намени во областа на земјоделството, во долгорочни кредити.

Под краткорочни кредити од став 1 на овој член се подразбираат:

- краткорочни кредити одобрени од Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка), на Алмако банка А. Д. Скопје, Македонска банка А. Д. Скопје, Земјоделска банка А. Д. Скопје, Тетекс банка А. Д. Скопје и Комерцијална банка А. Д. Скопје,
- краткорочни кредити кои во процесот на санација на Стопанска банка А. Д. Скопје, согласно со Законот за санација и реконструирање на дел од банкарскиот систем во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 14/95), Народната банка ги пренесе на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка (во натамошниот текст: Агенција), како побарување од Стопанска банка А. Д. Скопје и
- краткорочни кредити одобрени на Стопанска банка А. Д. Скопје кои, согласно со член 20 од Законот за санација и реконструирање на дел од банкарскиот систем во Република Македонија, се пренесени во Агенцијата.

Агенцијата и банките од став 2 алинеи 1 и 2 на овој член ќе ги претворат во долгорочни кредити краткорочните кредити, што крајните корисници ги користат кај Агенцијата и кај банките под услови и на начин пропишани со овој закон.

Член 2

Претворањето на краткорочните кредити од член 1 став 2 алинеи 1 и 2 на овој закон во долгорочни кредити се врши во износ од 100% од книговодствената состојба на кредитите на банките кај Народната банка и кај Агенцијата со состојба на 30.11.1995 година.

Член 3

Краткорочните кредити од член 1 став 2 алинеи 1 и 2 на овој закон Народната банка, односно Агенцијата ќе им ги претвори во долгорочни кредити на банките со рок на враќање на 31.03.2020 година.

По исклучок од став 1 на овој член, во долгорочниот кредит на банките нема да биде претворен износот на краткорочните кредити од член 1 став 2 алинеја 3 за кои Агенцијата ќе договори поповолни услови за враќање на кредитите.

На кредитите од став 1 на овој член не се пресметува и наплатува камата.

Кредитите од став 1 на овој член се враќаат еднократно на денот на пристигнувањето.

Член 4

На долгорочните кредити од член 3 на овој закон, банките плаќаат провизија на Народната банка, односно на Агенцијата, по стапка од 1,5% годишно.

Провизијата од став 1 на овој член тече од денот на претворањето на краткорочните кредити во долгорочни кредити до нивната конечна отплата, а се пресметува и се плаќа полугодишно.

Член 5

Банките од член 1 став 2 на овој закон се должни во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон до Народната банка, односно до Агенцијата, да доставаат барање за претворање на краткорочните кре-

дити од член 1 став 2 алинеи 1 и 2 во долгорочни кредити.

Народната банка, односно Агенцијата и банките од став 1 на овој член склучуваат договор за претворање на краткорочните кредити од став 1 на овој член во долгорочни кредити.

Член 6

Агенцијата и банките ќе ги претворат краткорочните кредити од член 1 став 2 на овој закон во долгорочни кредити на крајните корисници во износ од 100% од книговодствената состојба на тие кредити на 30.11.1995 година.

Член 7

Краткорочните кредити од член 1 став 2 на овој закон Агенцијата и банките ќе им ги претворат на крајните корисници во долгорочни кредити со рок на враќање на 15.03.2020 година.

По исклучок од став 1 на овој член, за побарувањата од член 1 став 2 алинеи 2 и 3, Агенцијата на крајните корисници може да им одобри поповолни услови за враќање на овие кредити.

На кредитите од став 1 на овој член не се пресметува и наплатува камата.

Кредитите од став 1 на овој член се враќаат еднократно, на денот на пристигнувањето.

Член 8

Крајните корисници на кредитите од член 7 на овој закон им плаќаат на Агенцијата, односно на банките провизија по стапка од 2,5% годишно.

Провизијата од став 1 на овој член тече од денот на претворањето на краткорочните кредити во долгорочни кредити до нивната конечна отплата, а се пресметува и се плаќа полугодишно.

Член 9

Крајните корисници на кредитите од член 1 став 2 на овој закон се должни во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон до Агенцијата, односно до банките да достават барање за претворање на краткорочните кредити во долгорочни кредити.

Агенцијата и банките со крајните корисници на кредитите склучуваат договор за претворање на краткорочните кредити во долгорочни кредити.

Член 10

Долгорочните кредити во смисла на овој закон, крајните корисници можат да ги користат само за обртни средства.

Агенцијата и банките се должни од крајните корисници на кредитите веднаш да го наплатат износот на долгорочниот кредит кој не се користи за обртни средства.

Наплатените средства од став 2 на овој член ќе се употребат за отплата на долгорочните кредити што се користат кај Народната банка, односно кај Агенцијата во рок од пет дена од нивната наплата.

Член 11

**Не се претвораат во долгорочни кредити краткорочните кредити на крајните корисници што престанале да работат, односно кај кои е воведена постапка на стечај или ликвидација.**

Член 12

**Народната банка и Агенцијата, по потреба, донесуваат поблиски прописи за спроведување на овој закон.**

Член 13

**Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.**

**1652.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРЕТПРИЈАТИЈАТА КОИ ВО СВОЕТО РАБОТЕЊЕ ИСКАЖУВААТ ЗАГУБИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 1995 година

Број 08-4361/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров**, с.р

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРЕТПРИЈАТИЈАТА КОИ ВО СВОЕТО РАБОТЕЊЕ ИСКАЖУВААТ ЗАГУБИ

Член 1

Во Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби („Службен весник на Република Македонија“ број 2/95) во членот 11 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По престанокот на важењето на овој закон акциите за преструктуирање се претвораат во обични акции освен за влогови на банки во стечај чии акции за преструктуирање преминуваат во Агенцијата за санација на банките како обични акции.“

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**1653.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за царинската тарифа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 1995 година.

Број 08-4354/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ" број 27/78, 29/83, 7/84, 71/84, 69/85, 43/86, 70/86, 81/87, 14/88, 34/89, 55/89, 59/90, 75/91 и 91/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 11/94, 70/94 и 5/95) во член 7-е зборовите: „декември 1995" се заменуваат со зборовите: „декември 1996".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1996 година.

**1654.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И НАЧИН ЗА ИСПЛАТА НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО 1993, 1994 И 1995 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994 и 1995 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 1995 година.

Број 08-4355/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И НАЧИН ЗА ИСПЛАТА НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО 1993, 1994 И 1995 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994 и 1995 година („Службен весник на Република Македонија" број 31/93 и 70/94) во називот на Законот и во членовите 5,6,7 став 1,8 став 1 и 10 став 1 зборовите: „1993, 1994 и 1995 година" се заменуваат со зборовите: „1993, 1994, 1995 и 1996 година".

Член 2

Во членот 8 став 1 по алинеја 8 се додава нова алинеја 9 која гласи:

„- плаќање за откуп на денарски побарувања, кои со Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија и се пренесени на Агенцијата за санација на банка".

Ставот 3 се менува и гласи:

„За намените од став 1 алинеи 1,3,4 и 5 на овој член денарската противвредност банките ја преведуваат на продавачот на лекови и медицински помагала, на здравствената, односно високо образовната установа, банка, односно претпријатие, а за намените од алинеите од 6 до 9 банките ги намалуваат девизните штедни влогови на граѓаните и за тој износ банката издава потврда на сопственикот на девизниот штеден влог. За намената од став 1 алинеја 2 на овој член денарската противвредност банките ја исплатуваат во готово на штедачите".

Член 3

Во членот 10 став 1 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- смртни случаи за државјани на Република Македонија кои се на привремен престој во странство, до 1.000 ДЕМ".

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**1655.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платен промет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 1995 година.

Број 08-4360/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Член 1

Во Законот за платен промет („Службен весник на Република Македонија" број 80/93 и 9/94), во членот 8 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Контрола над извршувањето на работите од доменот на јавните приходи од страна на носителите на платниот промет врши - Министерството за финансии - орган за јавни приходи".

Член 2

Во членот 10 став 1 точка 1 во вториот ред по зборовите: „платниот промет" се додаваат зборовите: „освен сметките на банките и штедилниците и на Народната банка на Република Македонија".

Член 3

Членот 12 се менува и гласи:

„Паричните средства на учесниците во платниот промет што се евидентираат на сметките кај Заводот, дневно се вклучуваат како депозити во сметките на депозиторот, според договорот за депонирање на средства, по конечниот пренос на средствата.

По исклучок од став 1 на овој член паричните средства на субјектите од јавниот сектор и други парични средства утврдени со закон, што се евидентираат на сметките кај Заводот, дневно се вклучуваат како депозит во Народната банка на Република Македонија, по конечниот пренос на средствата.

Учесникот во платниот промет е должен на Заводот, кај кого се води неговата сметка, да му достави договор за депонирање на средства кај определена банка, а во случај на промена на банката депозитор и доказ за раскинување на договорот со таа банка.

Налозите за вклучување на средствата од ставовите 1 и 2 на овој член, се извршуваат истиот ден кога е извршен конечниот пренос на средствата".

Член 4

Членот 13 се менува и гласи:

„Заводот нема да го изврши налогот на учесникот во платниот промет, ако банката депозитор со која учесникот во платниот промет има договор за депозит, нема средства на својата жиро-сметка".

Член 5

Во членот 17 став 1 се додаваат две нови точки 1 и 2, кои гласат:

„1) ги води сметките на банките, штедилниците и Народната банка на Република Македонија и

2) го врши платниот промет меѓу банките, штедилниците и Народната банка на Република Македонија".

Точката 5 се менува и гласи:

„5) прима во депозит средства од сметките на банките и штедилниците, депозити од јавниот сектор, како и депозити утврдени со закон".

Точките 1,2,3,4,5 и 6 стануваат точки 3,4,5,6,7 и 8.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Начинот на евидентирање на сметките на банките, штедилниците и Народната банка на Република Македонија и поблиски прописи за вршење на платниот промет меѓу истите го утврдува Советот на Народната банка на Република Македонија".

Член 6

Во членот 30 по став 1, се додава нов став 2 кој гласи:

„Носителот на платниот промет ќе издаде налог за плаќање на товар на имателот на сметката, доколку во пропишаниот рок истиот не ги намирил обврските пропишани со закон и за тоа ќе го извести органот за јавни приходи".

Ставот 2 станува став 3.

Член 7

Во членот 32 став 1 во седмиот ред, зборот: „налози" се заменува со зборовите: „извршни налози".

Член 8

Во членот 50 став 1, зборовите: „пет до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 9

Во членот 51 став 1, зборовите: „20 до 100" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет".

Во ставовите 2, 3 и 4 зборовите: „осум до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 10

Во членот 53 став 1, зборовите: „20 до 100" се заменуваат со зборовите: „четири до дваесет".

Во ставот 2, зборовите: „осум до петнаесет" се заменуваат со зборовите: „една до три".

Член 11

Во членот 60, во вториот ред зборот „Заводот" се заменува со зборовите: „Управата за јавни приходи".

Член 12

Вишокот на остварените приходи над расходите на Заводот, претставуваат приход на Буџетот на Републиката.

Член 13

Во членот 61 бројот: „1996" се заменува со бројот: „1997".

Член 14

По членот 61 се додаваат два нови члена 61-а и 61-б, кои гласат:

„Член 61-а

Советот на Народната банка на Република Македонија најдоцна до 31 декември 1996 година ќе ги донесе прописите согласно со член 17 став 2 од овој закон.

Член 61-б

Депозиторот што нема склучено договор, договорот за депонирање на средства кај определена банка, согласно со член 12 став 3 од овој закон ќе го достави во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон".

Член 15

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**1656.**

Врз основа на член 67 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Собранието на Република Македонија се избира

Блаже Филиповски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4332/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

---

**1657.**

Врз основа на член 14 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" број 30/93), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 27 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДЕВИЗНАТА ПОЛИТИКА И ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1996 ГОДИНА

Со девизната политика за 1996 година ќе се создаваат услови за: зголемување на извозот на стоки и другиот девизен прилив, остварување поусогласени односи

на трговскиот и тековниот биланс, намирување на тековните обврски спрема странските кредитори, регулирање на надворешниот долг спрема другите кредитори, зголемување на приливот на среднорочен и долгорочен капитал од странство, одржување стабилност на курсот на денарот и зголемување на девизните резерви.

1. Во 1996 година ќе се продолжи со спроведување на политиката на флексибилен пазарно-детерминиран девизен курс на денарот. Народната банка на Република Македонија, со интервенционата политика ќе настојува курсот на денарот да се одржува на тековното ниво од околу 26,70 денари за една германска марка.

Во случај на поголема понуда од побарувачка на девизи на девизниот пазар, интервенцијата на Народна банка ќе биде насочена кон откупување на вишоците на девизи, во обем кој ќе биде доволен за да се спречи апресијацијата на денарот. Доколку настане тенденција за депресијација на денарот, што би укажувало на почетни инфлаторни притисоци, ќе се преземаат соодветни мерки од монетарната политика. Ако и покрај заострувањето на монетарната политика оваа тенденција продолжи како резултат на суштинското влошување на платниот биланс, ќе се дозволи депресијација на денарот.

2. Зголемувањето на извозот на стоки и другиот девизен прилив ќе се остварува преку политиката на стабилен курс на денарот, политиката на поттикнување на извозот, политиката на заштита на домашното производство, политиката на кредитно-финансиските односи со странство.

Унапредувањето на извозот ќе се остварува преку политиката на поврат на царини и други увозни давачки, поттикнување на нето девизниот прилив од размената со странство со сопствени производи и услуги и со поттикнување на извозот на одделни земјоделско-прехранбени производи, при што приоритет ќе се даде на производите чиј пласман е отежнат и на производите со повисока фаза на преработка.

Ќе се продолжи со унапредување и на туристичко-информативната пропаганда во странство.

За поттикнување на извозот и за туристичко-информативната пропаганда ќе се обезбедат во Буџетот на Републиката реално ист обем на средства како и во 1995 година.

Ќе се остваруваат активности за поголем девизен прилив по основа на извршени градежни работи во странство со вклучување на нашата градежна оператива во обновата и изградбата на Босна и Херцеговина.

3. Увозот на стоки ќе се остварува во рамките на утврдените пропорции со Платниот биланс на земјата. Со мерките на заштитната и девизната политика приоритет ќе се даде на увозот на суровини, репроматеријали и опрема која не се произведува во земјата, а е наменета за производство за извоз.

Ќе продолжи либерализацијата на извозно-увозните режими.

Ќе се врши соодветна заштита на домашното производство, особено на производите од земјоделството и прехранбената индустрија.

Количинските контингенти за извозот и увозот на стоките ќе се утврдат најдоцна до декември 1995 година, и тоа на годишно ниво - со полугодишна динамика, освен за производите од аграрот за кои контингентите ќе се утврдуваат тримесечно.

Ќе се продолжи со аукциската распределба на увозот и извозот на одделни стоки за кои се утврдени контингенти со што ќе се обезбеди нивна пообјективна распределба.

Ќе се воведе нова Царинска тарифа која ќе поаѓа од специфичните потреби на стопанството и ќе обезбеди соодветна заштита на домашното производство. При ова ќе се изврши намалување на стапката на царината на суровините и репроматеријалите кои не се произведуваат во земјата, а ќе се остварува повисока заштита на земјоделското производство, пред се на растителното, како и на производите од прехранбената индустрија.

Ќе се изврши ревизија на Законот за царините со што ќе се изострат критериумите за царински ослободувања и ќе се изградат механизми за поефикасно остварување на царинската политика.

За заштита на домашното земјоделско производство ќе се вршат сезонски ограничувања на увозот на одделни земјоделско-прехранбени производи (по време и количества) и ќе се продолжи со плаќање на посебни давачки при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи.

Ќе се изострат критериумите за царински контингенти со кои се определуваат стоките кои можат да се увезат без плаќање царина или со плаќање царина по стапка која е пониска од стапката определена со Царинската тарифа, а износот на контингентите ќе зависи од билансните потреби на земјата.

Во одобрувањето на компензационите работи со странство приоритет ќе се даде на компензационите работи кои овозможуваат увоз на стоки што се дефицитарни на домашниот пазар, а особено на енергенти и основни прехранбени производи, како и увоз на опрема која е во функција на зголемување на извозот на стоки. Одобрувањето на компензационите работи не претставува право на извоз, односно увоз.

Плаќањето на увозот ќе се врши во рамки на остварените и купените девизи на девизниот пазар.

Царинската управа ќе продолжи да ја врши контролата на увозот и врз основа на поднесените документи за обезбедени девизни средства за плаќање.

Ќе се интензивираат активности за забрзување на процесот на институционализација на односите со странските земји, меѓународните институции и други интеграциони иницијативи, а особено со блиското соседство и Европската унија (склучување на спогодби за унапредување на трговската размена, за заштита и поттикнување на инвестиционите вложувања, за избегнување на двојно оданочување).

4. Политиката на кредитно-финансиските односи ќе биде насочена кон намирување на тековните обврски спрема странските кредитори, регулирање на надворешниот долг со другите кредитори и зголемување на приливот на среднорочен и долгорочен капитал од странство.

Во 1996 година редовно ќе се намируваат тековните обврски спрема Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Меѓународната финансиска корпорација, Европската инвестициона банка, ЕУРОФИМА, Парискиот клуб на кредитори за обврските кои нема да бидат репрограмирани и спрема другите кредитори со кои меѓусебно ќе се регулираат кредитните односи.

Ќе се интензивираат активностите за регулирање на надворешниот долг спрема комерцијалните банки кредитори (Лондонскиот клуб).

Ќе се користат кредити од Светската банка за структурно приспособување на претпријатијата („ФЕСАК“), за социјалниот сектор, за изградба на патишта, а ќе отпочне користењето на кредитот главно наменет за структурно приспособување и развој на приватниот сектор во индустријата и аграрот (САЛ).

Ќе се обезбеди повлекување на договорените транши од Меѓународниот монетарен фонд врз основа на склучениот „стенд бај“ аранжман и истите ќе бидат наменети за пополнување на девизните резерви.

Ќе се користат кредити и од Европската банка за обнова и развој наменети за поддршка на развојот на енергетиката, унапредување на системот на контролата на летањето, развојот на телекомуникациите, модерни-

зацијата на Аеродромот „Скопје“, како и кредитна линија наменета за поддршка на мали и средни производни приватни претпријатија од индустрискиот сектор.

Ќе се користат и кредити од билатерални кредитори (Германија, Италија и други), пред сè за поддршка на малите и средни претпријатија од индустрискиот и аграрниот сектор.

Со регулирањето на кредитно-финансиските односи со Европската инвестициона банка, Европскиот фонд за реинтеграција и ЕУРОФИМА ќе се остваруваат активности за користење нови кредити за поддршка на платниот биланс и развојот.

Ќе се договори отпочнување користење на кредит од Меѓународната агенција за развој на земјоделството, со кој ќе се поддржува пред се развојот на сточарството во јужните и источните делови на земјата.

Република Македонија ќе дава гаранции на комерцијалните банки за користење на странски кредити само за проекти со кои ќе се развива инфраструктурата, индустрискиот и аграрниот сектор, во малите и средни претпријатија од приватниот сектор (приватизирани и нови) и под услов субјектите да можат да ги враќаат обврските по користените кредити.

Во 1996 година ќе се користат и трговски кредити за финансирање на увоз на енергетици, суровини, репроматеријали и опрема за производството наменето за извоз, како и финансиските кредити наменети за изведување на домашни инвестициони проекти и за увоз на енергетици, суровини и репроматеријали за производство наменето за извоз.

Банките ќе можат краткорочно да се задолжуваат во странство заради премостување на сезонската неусогласеност на девизниот прилив и одлив на банките.

Помошта од мултилатералните асоцијации и билатералните донации ќе се користи за увоз на енергетици, суровини, резервни делови и опрема за преструктуирање на претпријатијата.

5. Вкупните (бруто) девизни резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија, во согласност со Проекцијата на платниот биланс за 1996 година, се предвидува да се зголемат за 77 милиони долари, со што на крајот на 1996 година би биле на ниво од двоиполмесечни плаќања спрема странство. Притоа, нето девизните резерви (бруто девизните резерви намалени за обврските спрема Меѓународниот монетарен фонд), ќе се зголемат за 63 милиони долари и ќе бидат на ниво на двомесечни плаќања спрема странство.

Постојаните девизни резерви на Република Македонија со кои се обезбедува минимум на ликвидност на плаќањата спрема странство, за 1996 година се утврдуваат на ниво на едномесечни плаќања спрема странство, а не помалку од 150 милиони долари.

Висината на девизните резерви со кои ракуваат деловните банки ќе се утврдува со посебна одлука на Народната банка на Република Македонија, а во согласност со условите за обезбедување на тековната ликвидност на плаќањата спрема странство и предвидените пропорции на Платниот биланс на Република Македонија.

Девизните резерви на Република Македонија ќе се пополнуваат од следниве извори: купување злато, купување девизи од девизниот пазар, користење финансиски кредити од странство, откуп на странски средства за плаќање преку менувачки работи, надоместоци што се плаќаат на државата во сообраќајот, бензиски бонови, ефективни странски пари добиени со продажба на општествен капитал, издавање девизни обврзници и приходи врз основа на ракување со девизните резерви.

Заради спроведување на политиката на курсот на денарот девизните резерви со кои ракува Народната банка на Република Македонија ќе се користат за интервенции на девизниот пазар во согласност со монетарната политика, како и за одржување на општата ликвидност на плаќањата на Република Македонија спрема странство.

6. Тргнувајќи од мерките за извршување на девизната политика за 1996 година се утврдува

## ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1996 ГОДИНА

– мил. САД долари

| | | квартали | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | I | II | III | IV |
| I. ТЕКОВНИ ТРАНСАКЦИИ (1+2+3+4) | -178 | -21 | -35 | -39 | -83 |
| 1. Трговски биланс | -160 | -5 | -35 | -45 | -75 |
| – Извоз на стоки | 1270 | 310 | 330 | 310 | 320 |
| – Увоз на стоки | 1430 | 315 | 365 | 355 | 395 |
| 2. Услуги | -135 | -35 | -30 | -30 | -40 |
| – Приходи | 245 | 55 | 60 | 65 | 65 |
| – Расходи | 380 | 90 | 90 | 95 | 105 |
| 3. Трансфери | 225 | 45 | 55 | 65 | 60 |
| – приватни | 185 | 35 | 45 | 55 | 50 |
| – официјални | 40 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| 4. Камати (интерес) | -108 | -26 | -25 | -29 | -28 |
| – наплатени | 11 | 3 | 3 | 3 | 2 |
| – платени | 119 | 29 | 28 | 32 | 30 |
| II. КАПИТАЛНИ ТРАНСАКЦИИ (1+2) | 206 | -16 | 78 | 73 | 71 |
| 1. Среднорочен и долгорочен капитал | 197 | 34 | 71 | 50 | 42 |
| – Директни инвестиции | 27 | 4 | 3 | 11 | 9 |
| – Користење кредити (без ММФ) | 165 | 32 | 70 | 33 | 30 |
| – Одложено плаќање (Лондонски клуб) | 79 | 18 | 20 | 19 | 22 |
| – Отплатени кредити (без ММФ) | 74 | 20 | 22 | 13 | 19 |
| 2. Краткорочен капитал | 9 | -50 | 7 | 23 | 29 |
| III. ГРЕШКИ И ПРОПУСТИ | 26 | 27 | -5 | -9 | 13 |
| IV. ВКУПЕН БИЛАНС (I+II+III) | 54 | -10 | 38 | 25 | 1 |

## ФИНАНСИРАЊЕ НА САЛДОТО НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО: (1+2+3+4) | -54 | 10 | -38 | -25 | -1 |
| 1. Промени во нето девизните резерви (со ММФ) | -63 | 8 | -47 | -25 | 1 |
| – Бруто девизни резерви | -77 | 1 | -54 | -25 | 1 |
| – ММФ | 14 | 7 | 7 | 0 | 0 |
| 2. Промени во пристигнатите,а неплатени обврски | -71 | -37 | -32 | 0 | -2 |
| – Нови пристигнати, а неплатени обврски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| – Плаќање на пристигнат долг | 71 | 37 | 32 | 0 | 2 |
| 3. Репрограмирање (Париски клуб) | 13 | 2 | 11 | 0 | 0 |
| 4. Финансиски дефицит | 67 | 37 | 30 | 0 | 0 |

7. За потребите на статистиката, односно за податоците за плаќањата и наплатувањата по основа на увозот и извозот на стоки, ќе се применува курсната листа на Народната банка на Република Македонија формирана на 31 декември 1995 година.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1996 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4358/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1658.**

Врз основа на член 7 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 26/92, 4/93 и 29/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1996 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1996 година, во согласност со целите и задачите на економската политика на Република Македонија.

2. Монетарно-кредитната политика, заедно со мерките од другите области на економската политика, ќе биде насочена кон намалување на инфлацијата, така што порастот на цените на мало на крајот на 1996 година во однос на декември 1995 година да не биде поголем од 6%.

3. Согласно со проценетата побарувачка за пари, за остварување на целта од точката 2 од оваа одлука, со мерките на монетарно-кредитната политика ќе се обезбеди зголемување на паричната маса (М1 - без депозитите на централната државна власт) во 1996 година најмногу до 12,5%.

4. Заради остварување на стапката на пораст на паричната маса од точката 3 од оваа одлука, Народната банка на Република Македонија, покрај редовните инструменти на монетарното регулирање, ќе врши и ограничување на порастот на денарските пласмани на банките и штедилниците во текот на 1996 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1996 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4359/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**1659.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/95), во ставот 1 точката 2. Комисија за внатрешна политика и одбрана во членови се додава и „Бранирод Михајловски“.

2. Во точката 9. Комисија за сообраќај и врски во членови се додава и „Хисни Шакири“.

3. Во точката 10. Комисија за екологија, млади и спорт во членови се додава и „Руфи Османи“.

4. Во точката 12. Комисија за култура во членови се додава и „Бранирод Михајловски“.

5. Во точката 14. Комисија за труд и социјална политика во членови се додава и „Сали Рамадани“.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4329/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**1660.**

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 6/95), во ставот 1 точката 4. Комисија за финансирање и буџет во членови се додава и „Руфи Османи“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4330/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

---

**1661.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87 и 48/88), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт - Скопје, се избираат:

Никола Г. Поповски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

д-р Методија Стојков, професор на Економскиот факултет во Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4333/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**1662.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91 и 14/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 1995 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН - ДЕКАН НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

1. За членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган - декан на Фармацевтскиот факултет во Скопје, се именуваат:

Љупчо Ковчегарски, секретар на Стопанската комора на Македонија и

д-р Момир Поленаковиќ, професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4331/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**1663.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ПТТ УСЛУГИТЕ**

1. Цените на ПТТ услугите формирани и применети според постојните прописи се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1996 година.

3. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3163/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1664.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И СТОКА ВО ВНАТРЕШНИОТ ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ**

1. Цените на услугите за превоз на патници и стока во внатрешниот железнички сообраќај формирани и применети според прописите што важеле до влегувањето во сила на оваа одлука се определуваат како највисоки цени.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1996 година.

3. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3164/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1665.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ**

1. Заради спречување на монополското формирање на цените на одделни производи и услуги во производството, прометот и при вршење на услугите, како највисоки цени се определуваат цените кои според постојните прописи се формирани и применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука и тоа:

- производство и промет на брашно тип „500" и леб произведен од брашно тип „500" од 600 грама;
- производство и промет на нафта и нафтени деривати;
- производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија;
- ПТТ услуги во внатрешниот сообраќај;
- превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај;
- производство и испорака на сурова вода, за водоснабдување на населението и стопанството;
- производство и дистрибуција на вода;
- прочистување и одведување на отпадни води (освен колекторите);
- одржување на чистотата во градови и населби (изнесување на смет);
- други комунални услуги (погребални услуги);
- провизиите во платниот промет; и
- дистрибуција на природниот гас.

2. Оваа одлука ќе се применува до 30 јуни 1996 година.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување највисоки цени на одделни производи и услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/95 и 58/95).

4. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3162/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1666.**

Врз основа на член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 38/90 и 63/94), Владата донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРОИЗВОДИ ОД СТРАНА НА ПАЗАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА ОД НЕПОЗНАТИ ЛИЦА**

1. Одделни производи одземени од страна на пазарната инспекција од непознати лица се отстапуваат бесплатно на Црвениот крст на Македонија.

2. Отстапените производи Црвениот крст на Македонија ќе ги распредели на хуманитарните организации во координација со Министерството за труд и социјална политика.

3. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3107/1
27 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1667.**

Врз основа на член 38, став 2 и 3 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“, број 79/93) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“, број 38/90), Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОЗАЈМИЦА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата за усогласување на приходите на општинските буџети се дава позајмица во износ од 2.050.000 денари на собранијата на општините:

| | |
|---|---|
| 1) Дебар | 350.000 денари, |
| 2) Делчево | 300.000 денари, |
| 3) Демир Хисар | 350.000 денари, |
| 4) Македонски Брод | 250.000 денари, |
| 5) Неготино | 500.000 денари, |
| 6) Крушево | 300.000 денари. |

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука се дава со рок на враќање од три месеци.

3. Рокот од точка 2 почнува да тече од денот на преведувањето на средствата.

4. Враќањето на позајмицата се обезбедува со депонирање на акцептен налог од корисникот на позајмицата во Министерството за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3205/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

**1668.**

Врз основа на член 45 од Законот за Владата на Република Македонија, а во врска со член 1 од Законот за статистички истражувања од интерес за целата земја (кој се применува на територијата на Република Македонија согласно со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија) и Правилата за номенклатурата на Светската здравствена организација, Владата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИМЕНА НА ДЕСЕТТАТА РЕВИЗИЈА НА МЕЃУНАРОДНАТА СТАТИСТИЧКА КЛАСИФИКАЦИЈА НА БОЛЕСТИТЕ И НА СРОДНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ

1.Во Република Македонија од 01.01.1996 година ќе започне да се применува Десеттата ревизија на Меѓународната статистичка класификација на болестите и на сродните здравствени проблеми.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2992/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1669.**

Врз основа на член 74-в и 74-д од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 9/78, 43/78, 35/85, 17/91, 38/91 и 14/95) и Макроекономската политика на Република Македонија за 1996 година („Службен весник на РМ“ бр. 65/95), Владата донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО 1995 ГОДИНА

1. Во Програмата за заштита на социјално загрозеното население во 1995 година („Службен весник на РМ“ бр. 6/95 и 46/95), по делот III - Следење на спроведувањето на Програмата, се додава текстот:

„III-а - Преодна одредба

Одредбите на оваа програма, продолжуваат да се применуваат до 31 март 1996 година“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3197/1
25 ноември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1670.**

Врз основа на член 11 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

## МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1996 ГОДИНА

### I. УСЛОВИ, ОГРАНИЧУВАЊА И ПРЕНЕСЕНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Макроекономската политика на Република Македонија во 1996 година ќе се остварува во поповолен амбиент и екстерно опкружување на земјата во однос на 1995 и претходните години.

Стопанската активност во 1996 година ќе се остварува во услови на воспоставена макроекономска рамнотежа и стабилност, изразена преку намалување на инфлацијата, стабилност на курсот на денарот, постепен, но континуиран пораст на девизните резерви, воспоставена контрола над монетарните агрегати и платите и консолидирање на фискалниот сектор. Макроекономската рамнотежа заедно со навремено донесување на прописите и актите што се во функција на реализација на задачите на макроекономската политика создаваат можност стопанската активност да се остварува во дефинирани и стабилни макроекономски услови.

Во првата половина од 1996 година се очекува да се донесат преостанатите закони од стопанскиот систем (за трговски друштва, јавни претпријатија, денационализација, царинска тарифа, државна управа), а до крајот на годината ќе се донесе и Законот за државна ревизија. Со тоа ќе се заокружи системската регулатива. Исто така, по потреба ќе се извршат и соодветни измени на постојната регулатива во функција на поголема конзистентност, прецизност и конкретизација на системот и негова поефикасна примена.

Поволен одраз врз амбиентот на стопанисување ќе има и зголемениот број приватни и приватизирани претпријатија, и ефектите од процесот на преструктуирање на претпријатијата - најголеми загубари. Имено, приватните и приватизираните претпријатија во 1996 година ќе бидат доминантни и во основа ќе детермини-

раат нов квалитет во начинот на стопанисување заснован на пазарни основи и современ начин на управување и раководење.

Надворешниот макроекономски амбиент е веќе порелаксиран. Отворена е јужната граница и укинати се санкциите на Советот за безбедност на ООН спрема СР Југославија (Србија и Црна Гора). Со тоа се создадени неопходните претпоставки за нормализирање на односите со соседите, особено за воспоставување на економски односи, обезбедување сообраќајни и трговски врски, а ќе се намалат и трошоците по основ на транспорт. Со укинувањето на блокадата и санкциите се создаваат предуслови за пазарен начин на работа. Меѓутоа, ова бара спремност и на стопанските субјекти за работа во новонастанатите услови.

Разрешувањето на кризата во регионот го намалува степенот на ризичноста на подрачјето за инвестирање, со што се создава поповолен амбиент за прилив на странски капитал во земјата во вид на заеднички вложувања, директни инвестиции и концесии.

Приемот во повеќе значајни европски институции создаде можност за поголема и непосредна соработка со земјите на Европската Унија, особено за отстранување на протекционистичките бариери и другите квантитативни ограничувања. Исто така, во 1996 година се очекува зголемување на помошта од Европската Унија и од нејзините членки, особено од Програмата ФАРЕ и по други основи.

Во 1996 година ќе се отпочне со користење кредитни линии по разни основи кои се насочени за поддршка на развојот на индустрискиот и аграрниот сектор, туризмот, занаетчиството, како и на инфраструктурниот сектор.

Врз условите за остварување на макроекономската политика, неповолно влијание и натаму ќе имаат подолгорочно кумулираните проблеми, особено ниското ниво на општествениот производ и на индустриското производство, недостигот на инвестиционен и особено на ликвиден капитал, структурните ригидности, високото ниво на невработеност, незаокружените а во одделни подрачја и неквалитетно изведените структурни реформи. Ограничувачки фактор за поефикасно водење на макроекономската политика во 1996 година ќе биде и натамошното присуство на финансиска недисциплина и навиките за непочитување на системот и другата регулатива, недоволната ефикасност во функционирањето на домашниот платен промет, како и отсуството на одделни институции и несоодветното знаење и однос на вработените во постојните институции за работење во новите околности и принципите на пазарната економија.

## II. МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА ВО 1996 ГОДИНА

### Основни задачи

Поаѓајќи од досега остварените резултати на макроекономската стабилизациона политика и спроведувањето на структурните реформи, интерните услови и екстерното опкружување, како и од оценетите други можности и претпоставки, основни задачи на макроекономската политика и на политиката на структурни реформи за 1996 година ќе бидат:

1. Запирање на опаѓањето и отпочнување на тренд на растеж на општествениот производ и на индустриското производство. Заради ова: (1) ќе се создаваат услови за поефикасно работење и позабрзан развој на малите и средните претпријатија; (2) ќе се обезбеди конзистентност на заштитната политика во надворешно-трговска размена; (3) ќе се интензивира вложувањето во јавниот сектор и ќе се создаваат услови за отпочнување и поттикнување на инвестирањето во приватното и приватизираното комерцијално стопанство.

2. Натамошно намалување на инфлацијата и нејзино држење на ниво кое ќе го поттикнува економскиот растеж и развој.

Заради ова ќе се продолжи со контрола на агрегатната побарувачка, особено преку: (1) политиката на усогласување на платите во општествениот сектор со реалните можности; (2) натамошна консолидација на фискалниот сектор; (3) постапно релаксирање на монетарно-кредитната политика и одржување на воспоставеното ниво на курсот на денарот; и (4) јакнење на финансиската дисциплина.

3. Ќе се продолжи со спроведувањето на структурните реформи, како основен предуслов за трајна економска стабилизација и пораст на производството. Во рамките на тоа ќе се обезбедува и социјална сигурност на населението.

### Политика на доходи

#### а) Плати

Во 1996 година ќе продолжи политиката на усогласување на платите во општествениот сектор со материјалните можности на стопанството, на буџетите и на социјалните фондови. За таа цел ќе продолжи спроведувањето на политиката на контрола на платите според формулата за делумна индексација, која се применуваше со Законот за плати од 1995 година. И во 1996 година ќе продолжи селективното усогласување на платите, при што поголема погодност и натаму ќе имаат субјектите од економскиот сектор во однос на тие од неекономскиот сектор.

Нето платите на вработените во економскиот сектор во првата половина од 1996 година, ќе се усогласуваат со планираната стапка на пораст на трошоците за живот во тековниот во однос на претходниот месец, намалена за 0,5 процентни поени. Со примена на постојната формула платите во неекономскиот сектор номинално ќе се одржат на нивото од август 1995 година.

Доколку остварените трошоци на живот се повисоки од проектираните, платите во економскиот сектор ќе се усогласат само за половина од разликата помеѓу остварената и планираната стапка на трошоци за живот.

Во втората половина од 1996 година платите кај економскиот сектор ќе се усогласуваат со трошоците на живот, а платите во неекономскиот сектор ќе се усогласуваат за 0,5 процентни поени пониско од порастот на трошоците на живот.

Во 1996 година пресметувањето на придонесите и даноците ќе се врши врз принципот на бруто плата. Бруто платата треба да ги опфаќа платата и надоместоците по сите основи. Од бруто платата се изземат надоместоците за исхрана, за превоз и другите надоместоци утврдени со Законот за персонален данок од доход, доколку тие се исплатуваат во утврдените рамки со Колективниот договор.

Надоместокот за регрес за годишен одмор за буџетските корисници и другите нестопански дејности нема да се исплатува. Надоместоците кои се исплатуваат на товар на материјалните трошоци и вкупниот приход, како и од социјалните фондови (за пензиско и инвалидско осигурување, за здравство и за вработување) ќе се исплатуваат во висина на правото утврдено за месец декември 1995 година.

Ќе се забрани исплата на плати во натура, од средствата од дневниот промет, како и преку комерцијалните банки доколку не се пресметани и платени даноци и придонеси од плати.

#### б) Цени

Во 1996 година ќе се продолжи со водење на досегашната глобална политика на цените. Просечниот месечен пораст на цените ќе изнесува 0,5%, а годишната инфлација 6,0%.

Степенот на либерализацијата на цените главно ќе се задржи на ниво од 1995 година, но ќе се извршат одредени измени помеѓу одделните видови производи и услуги и видот на контрола.

Со примена на режимот на непосредна контрола ќе се формираат цените на: брашното „тип 500" и лебот од тоа брашно од 600 грама; електричната енергија; нафтените деривати; превозот во железничкиот сообраќај; ПТТ услугите; производството и дистрибуција на сурова вода; производство и дистрибуција на водата за пиење; прочистувањето и одведувањето на отпадните води - освен колекторите; изнесувањето смет; погребните услуги, вклучувајќи ги и трошоците за погребно место и закупот на тоа место; провизиите во платниот промет; и дистрибуцијата на природниот гас.

Под режим на известување ќе се опфатат цените на: пастеризираното кравјо млеко; производството на лекови и фармацеутски хемикалии (готови лекови за хумана употреба); станарината; превозот на патници во градскиот и приградскиот сообраќај; дистрибуцијата на топлотна енергија; искористувањето на геотермалните води; учебниците заосновно и средно образование; премиите за задолжителното осигурување на моторните возила; и посебниот надоместок што се плаќа при регистрација на друмските моторни возила.

Во случај на пореметување на пазарот (поголеми нарушувања на односите помеѓу цените, злоупотреба на монополската положба на пазарот и слично) ќе се вршат промени на постојниот режим на контрола, при што режим на контрола на цените ќе се применува и кај други производи и услуги, а особено на производите и услугите кои се од витално значење за животот на населението.

За производите и услугите на претпријатијата од јавниот сектор ќе се определуваат цени со кои ќе се обезбедуваат приходи кои ќе ги покриваат трошоците на работењето и ќе обезбедуваат нормално функционирање на системите. Заради обезбедување стабилност на цените на макро ниво, ќе се намали разликата во цената на електричната енергија меѓу „зимската" и „летната" тарифа. За оваа цел ќе се донесе нов тарифен систем во кој ќе се утврди нов соодност меѓу „летната" и „зимската" тарифа. Ќе се острани диспаритетот на цените на услугите во железничкиот сообраќај.

Кај цените на останатите производи и услуги кои се опфатени со одреден вид на контрола при одредувањето на корекција на цените ќе се тргнува од потребата за обезбедување проста репродукција.

Поради високиот пораст во 1994 и 1995 година цените на производството на сурова вода; водата за пиење; прочистувањето и одводнувањето на отпадните води (освен колекторите); изнесувањето на смет; и погребните услуги, вклучувајќи ги и трошоците за погребно место и закупот на тоа место ќе се замрзнат на ниво од ноември 1995 година, а провизиите за платен промет ќе се намалат.

Министерството за стопанство во текот на 1996 година може да врши одредени корекции кај цените на производите и услугите кои се замрзнати, но само за оправдано отстранување на воспоставените диспаритети гледано по одделни општини, односно стопански субјекти.

Ќе се продолжи со пропишување заштитни цени на одделни земјоделски производи и тоа за: пченица, сончоглед, шеќерна репа, јагниња и јуниња, како и за ситнолисниот ориенталски тутун.

Висината на заштитните цени ќе се утврдува врз основа на најниските производни трошоци по единица производ во земјата. При тоа ќе се извршат корекции во нивоата на заштитните цени на одделни производи со цел да се отстранат настанатите нелогични диспаритети помеѓу производите за кои се пропишуваат заштитни цени. Заштитната цена на пченицата ќе се задржи на утврденото ниво од 1994 година.

**Фискална политика и јавни потреби**

Во 1996 година ќе продолжи и зајакне процесот на натамошното консолидирање на фискалниот сектор. За оваа цел ќе се преземат фискални и други мерки со кои ќе се обезбедува: зголемена контрола и ефикасност во наплатата на даноците и другите јавни давачки (даноци, придонеси, царини, такси и сл.), урамнотежување на расходите со приходите и елиминирање на неизмирените обврски во Буџетот најдоцна до првиот квартал од 1996 година. Во 1996 година ќе се намали учеството на приходите за јавни потреби во општествениот производ во однос на 1995 година.

Во државниот Буџет за 1996 година ќе се врши натамошна рационализација на одделните трошоци и други издатоци. Ова ќе се обезбедува со: (1) задржување на платите и надоместоците на корисниците на Буџетот на нивото од август 1995 година; (2) неисплатување на надоместокот за регрес за годишен одмор; (3) продолжување на определбата за ограничување на социјално заштитниот надоместок по домаќинство најмногу на ниво до 50% од просечната плата во стопанството (утврдена со извршените измени на прописите во месец септември 1995 година); (4) намалување на средствата за субвенции во земјоделството, за што нема да се исплатува регрес за камати по користени кредити во земјоделството.

Согласно Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 1996 година ќе се обезбедат средства за организирање на агроберзата, ревитализацијата на селото како и за премии за одделни земјоделски производи и регрес за квалитетни сортни семиња, чија висина ќе се определи со посебни одлуки.

Во 1996 година ќе продолжи обезбедувањето на средства од Буџетот за стимулирање на извозот и за туристичката информативна пропаганда во странство, најмногу до реалното ниво обезбедено во 1995 година.

Со средства од Буџетот ќе се поддржуваат и процесите на структурни реформи, за која цел ќе се обезбедат 3,1 млд. денари или 1,7% од оценетиот општествен производ. Од тоа: 1,1 млд. денари ќе се употребат за санација на банките и 2,1 млд. денари за надоместоци за невработените.

За реализација на Програмата на заштита на социјално загрозеното население ќе се обезбедат средства во висина од 1,3% од општествениот производ, а за сервисирање на девизните штедни влогови во висина од 0,3% од општествениот производ.

Во Буџетот ќе се обезбедат средства и за поддршка на капиталните инвестиции во висина од 3,2% од оценетиот општествен производ во 1996 година. При тоа, средствата ќе бидат насочени за изградба на патната мрежа; за изградба на железничката пруга Бељаковци - Граница со Република Бугарија; за реализација на политиката на поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја; за изградба на водоводи и за инвестиции во нестопанските дејности.

Во текот на 1996 година ќе заврши проектот за воведување на трезорски систем. Сврзано со тоа ќе се затворат потсметките на сите корисници на Буџетот.

Во државниот Буџет и сметките на корисниците ќе се обезбедат средства за депозит во Народната банка на Република Македонија во износ од 1,2 млд. денари.

Ќе се изврши ревизија на системот, поставеноста и финансирањето на стратешките стокови резерви и соодветно на тоа ќе се прилагодат издвојувањата од Буџетот. Исто така, ќе се уреди статусот на Дирекцијата за стоковни резерви, со цел таа да работи на пазарни основи.

Натамошните зафати на економската политика во пензискиот фонд ќе бидат насочени кон постепено елиминирање на кумулираните дефицити, кои се оценети до 0,4% од општествениот производ, со цел отпочну-

вање на процес на намалување на времето на доцнење во исплатата на пензиите.

За елиминирање на тековните дефицити во Пензискиот фонд во 1996 година ќе се продолжи со политиката на усогласување на пензиите и другите пензиски примања со платите во нестопанскиот сектор. Исто така, ќе се обезбеди навремено уплатување на придонесот за пензиско-инвалидско осигурување од Буџетот и од Фондот за вработување.

Ќе се обезбеди урамнотежување на приходите и расходите во Фондот за здравство пред се преку преструктуирањето во здравството врз принципите на рационална организација, преку приватизација на одделни дејности, промени во здравственото осигурување, учество на граѓаните во финансирањето на трошоците за услуги и со натамошно користење на странска помош и донации. Исто така, ќе се обезбеди навремено уплатување на придонесот за здравствено осигурување од Фондот за вработување и од пензискиот фонд.

Придонесите за пензиско-инвалидско осигурување на невработените регистрирани во бирото за вработување на град Скопје ќе се пресметуваат и плаќаат по стапка утврдена за сите невработени во Република Македонија.

Во Буџетот за 1996 година ќе се продолжи со обезбедување на средства за надомест на лицата кои остануваат без работа поради структурни реформи, како и за покривање на дефицитот во Заводот за вработување од 1995 година. За оваа намена ќе се издвојат средства во висина од 2.015 мил. ден. што претставува 1,1% од оценетиот општествен производ.

**Монетарно-кредитна политика**

Во 1996 година монетарно-кредитна политика, во конзистентност со другите макроекономски политики, ќе биде во функција на остварување на целната стапка на инфлација и нејзино одржување на ниво кое ќе го поттикнува економскиот растеж и развој. За оваа цел ќе се врши постепено релаксирање на монетарните агрегати.

Основна интермедијарна цел на монетарно-кредитната политика во 1996 година ќе биде одржувањето на примарните пари и паричната маса (M1), на ниво со кое ќе се обезбеди интерна и екстерна стабилност на националната валута.

Во 1996 година примарните пари се проектирани со пораст за околу 12,8% во однос на состојбата на крајот на 1995 година, а паричната маса (M1) за 12,5%.

Девизниот курс и во 1996 година ќе биде основен индикатор за движењето на монетарните агрегати.

Ќе се создаваат услови за поефикасна и понагласена примена на пазарните инструменти за управување со примарните пари и регулирање на ликвидноста на деловните банки. До обезбедувањето на нивна полна ефикаcност Народната банка ќе продолжи со поставување на кредитни ограничувања за новите кредити на макро ниво, но ќе овозможи до достигнувањето на тоа ниво да се преотстапува право на одделни банки со остварување на меѓубанкарско кредитирање.

Есконтната стапка на Народната банка на Република Македонија ќе се утврдува на реално позитивно ниво со натамошна примена на постојната формула според која таа се утврдува со зголемување на годишната стапка на инфлација со реална компонента од 5 процентни поени (просек од остварениот пораст на цените на мало во последниот месец и проектиран пораст во наредниот месец, подигнато на годишно ниво, зголемено за 5 процентни поени реална компонента).

Во 1996 година ќе се изврши префрлување на жиро сметките на деловните банки и штедилниците во Народната банка на Република Македонија, како почетна фаза на трансформирањето на системот на извршувањето на платниот промет, со што ќе се создадат предуслови за спроведување на ефикасна монетарна политика.

За обезбедување стабилност на финансискиот систем, како и за враќање и одржување на довербата во банкарскиот систем ќе зајакне функцијата на супервизија на Народната банка на Република Македонија над деловните банки, ќе се основа Фонд за осигурување на депозитите на банките и ќе се заострат критериумите за основање на банка.

Ќе продолжи гаранцијата на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните, како и исплатата по истите согласно досега утврдените намени, за која цел ќе се продолжи важноста на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните.

**Надворешен сектор**

Во 1996 година тежиштето на активностите во доменот на надворешниот сектор ќе биде лоцирано на создавање услови за зголемување на извозот и другиот девизен прилив, постигнување поусогласени односи на трговскиот и тековниот биланс, обезбедување на конзистентност во заштитата на домашното производство, нормализирање на односите со преостанатите билатерални и мултилатерални кредитори и подмирување на тековните обврски кон странските кредитори, одржување стабилност на курсот на денарот, позначаен прилив на странски капитал и зголемување на девизните резерви.

(1) Зголемувањето на извозот на стоки и другиот девизен прилив ќе се остварува преку политиката на стабилен курс на денарот, политиката на поттикнување на извозот, политиката на увоз и политиката на кредитно-финансиските односи со странство.

Во 1996 година ќе се продолжи со спроведување на политиката на флексибилен пазарно детерминиран девизен курс на денарот. Народната банка на Република Македонија, со политика на интервенции ќе настојува курсот на денарот да се оддржува на тековното ниво од околу 26,70 денари за една германска марка.

Во случај на поголема понуда од побарувачката на девизи на девизниот пазар, интервенцијата на Народна банка на Република Македонија ќе биде насочена кон откупување на вишоците на девизи во обем кој ќе биде доволен за да се спречи апресијацијата на денарот. Доколку настане тенденција на депресијација на денарот, што би укажувало на почетни инфлаторни притисоци, ќе се преземаат соодветни мерки од монетарната политика. Ако и покрај заострувањето на монетарната политика оваа тенденција продолжи како резултат на суштинското влошување во платниот биланс, ќе се дозволи депресијација на денарот.

Унапредувањето на извозот ќе се остварува и преку политиката на поврат на царини и други увозни давачки и со поттикнување на остварениот нето-девизен прилив од размената со странство со сопствени производи и услуги, како и со поттикнување на извозот на одделни земјоделско-прехранбени производи, при што приоритет ќе се даде на производите чиј пласман е отежнат и на производите со повисока фаза на преработка. Во 1996 година ќе се исплатат стимулациите кои произлегуваат од правото во 1995 година.

Исто така ќе се продолжи со остварување на промотивно-пропагандни активности на стопанството во странство.

Увозот на стоки ќе се остварува во рамките на утврдените пропорции на Платниот биланс на земјата. Со мерките од заштитната и девизната политика приоритет ќе се даде на увозот на суровини, репроматеријали и

земјоделството и производното занаетчиство, а се однесуваат за реконструкции, модернизации и за инвестиции во нови зафати. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Компензациониот фонд ФАРЕ, од Буџетот на Република Македонија и од други извори. Висината на регресот при реконструкција и модернизација на постојните капацитети ќе изнесува до 20%, а за инвестициите во нови зафати до 30% од каматната стапка.

Во рамки на просторниот и деталните урбанистички планови ќе се утврдат и уредат индустриски зони за изградба на индустриски и други капацитети од приватниот сектор.

За кредитирање на производството кое има подолг циклус на финализација, а кое е наменето за извоз, како и за изведување на градежни работи во странство по потреба Владата ќе предлага прописи за обезбедување на гаранции за користење на странски кредити.

За инвестирање и развој на мали и средни претпријатија во текот на 1996 година ќе се започне со користење индустриска кредитна линија во висина од 26 милиони долари од Европската банка за обнова и развој. Средствата ќе се пласираат преку деловните банки во земјата под комерцијални услови.

Во почетокот на 1996 година ќе започне со користење на кредити во висина од 20 милиони германски марки (10 милиони од Германија и 10 милиони од Република Македонија) за развој на мали и средни претпријатија во приватна сопственост од секторите на индустријата, земјоделството, туризмот, како и за самостојните дејности (занаети) кои обезбедуваат искористување на домашните ресурси и нови вработувања. Средствата ќе се пласираат преку овластена банка, а ќе се користат и во текот на 1997 година.

Во 1996 година за поддршка на развојот на малите и средните претпријатија во приватниот сектор, пред сè од индустријата и аграрот ќе се договорат и започне со реализација на кредитни линии со Светската банка (САЛ - кредити); билатерален кредит со Република Италија, како и со кредити од ФАО и ИФАД.

За поддршка на тековните потреби и на развојот на комерцијалното стопанство во 1996 година ќе продолжи користењето на договорената помош од Европската Унија преку програмата ФАРЕ, при што ќе се обезбеди снабдување на одделни субјекти со нафтени деривати, резервни делови и опрема, како и со суровини и репроматеријали (челични слабови, бел лим, ПВЦ прав и гранулат, суровини за дрвна индустрија, памук, волна, соино и рибино брашно). Помошта е насочена во претпријатијата од прехранбената индустрија, металскиот комплекс, хемиската индустрија, графичката дејност, текстилната индустрија, градежништвото, аграрот, комуналните дејности (водоснабдување, градска чистота, екологија).

Комерцијалното стопансво ќе се поддржува и со суровини и репроматеријали и опрема добиени по основ на билатерална помош од Јапонија и Швајцарија, како и од други земји кои ќе обезбедат донации во текот на 1996 година.

Во 1996 година за поддршка на аграрниот сектор ќе се обезбедат премии за откупени количини од сопствено производство на пченка, маслодавни култури, шеќерна репа и млеко. Висината на премијата за пченката, маслодавните култури и шеќерната репа ќе изнесува до 30% од откупната цена на 1 кгр. од овие производи, додека на млекото до 3,0 денари од еден литар.

Ќе се продолжи со регресирање на квалитетни сортни семиња од сопствено производство кај одделни земјоделски производи (пченица, пченка, јачмен, сончоглед, маслодавна репка, шеќерна репа и луцерка). Висината на регресот за квалитетните сортни семиња ќе изнесува до 20% од тековната производна цена на 1 кгр.

Со Програмата за развој на земјоделството ќе се поддржува набавката на квалитетен приплоден добиток во говедарството, овчарство, козарството, рибарството и пчеларството; создавањето вештачки ливади, развојот и унапредување на индивидуалното земјоделство; изградбата на брани за микро и мали акумулации и мали хидромелиоративни системи; заштита и користење на земјоделското земјиште; ревитализација на селото; организирање на агроберзата; учество за кредитот „ИФАД“; изградбата на кафилерија и други намени во рамки на обезбедените средства од Буџетот.

Со средства од Буџетот ќе се поддржува и здравствената заштита на животните и надоместокот за уништениот добиток поради болест и друго.

Ќе се создадат материјални, кадровски и организациони услови за отпочнување со работа на агро-берзата, со цел остварување на поорганизиран пласман на земјоделско-прехранбените производи.

**Инвестиции**

Во 1996 година ќе се создаваат услови за интензивирање на инвестиционата активност во земјата. Ова ќе се остварува, покрај со обезбедување на буџетски средства за инвестиции во јавниот сектор и со создавање на услови за вложување во комерцијалното стопанство, особено во индустрискиот сектор, земјоделството и во малиот бизнис во приватна сопственост.

Ќе се создадат нормативни и други услови за отпочнување со работа на пазарот на хартии од вредност, со што преку пазарни инструменти ќе се обезбедува мобилизација и реалокација на слободни парични средства од земјата и странство.

Со цел да се намали ризичноста на пласманите, а со тоа и да се заинтересираат банките за поголеми пласмани на средствата со помали каматни стапки ќе се обезбедат инструментите за обезбедување на кредитите (хипотека, меница, акцептни налози) во целост и навремено да ја остваруваат заштитната функција на позајмениот капитал, а судските спорови да се решаваат што е можно во пократки рокови. За таа цел ќе се изменат соодветните прописи, во насока да се обезбеди овие инструменти, без поголема процедура, да станат извршни.

Ќе се овозможи користењето на концесии да се стави во функција на сите сегменти на развојот, за што со посебни прописи ќе се изврши операционализација на Законот за концесии.

Ќе се иницира склучување на спогодби за избегнување на двојното оданочување и за заштита на инвестициите со земјите со кои такви спогодби сè уште не се склучени.

Инвестициите во јавниот сектор ќе се остваруваат со сопствени средства на инвеститорите, буџетски средства, како и со користење на кредити и заеми од разни меѓународни финансиски институции. Овие кредити и заеми и натаму претежно ќе бидат насочени за развој на енергетиката, патната мрежа, воздушниот и ПТТ сообраќајот и водостопанството.

Во 1996 година со средства од Буџетот ќе се продолжи со поттикнување на инвестициите во стопански недоволно развиените подрачја, при што во координација со останатите инвеститори ќе се поддржува изградбата на локалната инфраструктура и објектите од одделните нестопански дејности утврдени со Закон.

**Јакнење на финансиската дисциплина**

Во 1996 година Владата на Република Македонија ќе презема посебни мерки за јакнење на финансиската дисциплина.

Ќе се утврди обврзност на субјектите меѓусебните плаќања да ги остваруваат само преку институциите на платниот промет. За остварување на оваа цел ќе се донесат нови прописи или ќе се извршат значајни измени на постојната законска регулатива.

Ќе започнат подготовки за постепено преземање на платниот промет од страна на деловните банки.

Ќе се воведе регистрација на даночните обврзници на индивидуална основа (посебно за физичките, посебно за правните лица) и единствен идентификационен број на даночните обврзници заради обезбедување ефикасна контрола на наплатата на даноците и јавните давачки и утврдување на реалната состојба во социјалната положба на даночните обврзници.

Ќе се донесе законска регулатива за воведување на данокот за додатна вредност. При тоа, во првиот квартал од 1996 година ќе се воведе данок на промет на материјалните инпути (репроматеријали), со што ќе се стесни просторот за избегнување на обврската за плаќање на данок на промет.

Ќе се изврши воедначување на основиците за плаќање на даноци и придонеси содржани во одделните законски и други акти, со цел стеснување на просторот за евазија од страна на работодавачите, како и овозможување на вработените да ги користат правата по основ на осигурување од старост и инвалидност, болест и вработеност.

Висината на издатоците за промоција, пропаганда, реклама и за репрезентација која се признава како одбитна ставка при утврдувањето на даночната основица за пресметување на данокот од добивка ќе се утврдува како процент од остварената добивка, наместо досегашното решение од вкупниот приход на даночниот обврзник. Исто така ќе се согледаат можностите во овие издатоци да се вклучат и донациите за развој на општествените дејности.

Ќе се утврди носител на контролата на благајничкиот максимум чија висина сега ја утврдува самиот субјект со општ акт, за која цел ќе се извршат соодветни измени на прописите.

Ќе се обезбеди задолжително регистрирање во Управата за јавни приходи на овластените сметководители, заради следење на нивното законско работење и отстранување на неправилностите во сметководственото работење.

Ќе се извршат промени во организацијата и надлежностите на Управата за јавни приходи заради откривање на даночните затајувања и незаконитостите кои го овозможуваат тоа.

Неисполнувањето на обврската за задолжително ангажирање на овластен сметководител и негова регистрација во Управата за јавни приходи ќе се санкционира, за која цел ќе се предвидат одредби во соодветните прописи.

Ќе се обезбеди јакнење на казнената политика, при што за поголеми прекршоци и за субјектите кои ги повторуваат прекршоците повеќе пати, ќе се воведе мерка забрана за вршење на дејност за подолг период на време.

Ќе се зголеми ефикасноста на судовите во решавањето на предметите од финансиската и фискалната сфера.

Ќе се укине одредбата која се однесува на ослободување од данок од добивка за период од три години на даночните обврзници по основ на вложени средства од странски лица, со оглед на злоупотребата на оваа можност и од лица резиденти на Република Македонија.

Ќе се воведе задолжителна контрола на видот и количината на увезените стоки. Одделните видови производи на кои се однесува контролата и постапката ќе бидат утврдени со посебен акт.

Ќе се изострат и прецизираат критериумите за пореално утврдување на царинската основица.

Ќе се зголеми ефикасноста во работењето на царинските служби, за што: ќе продолжи процесот за кадровско пополнување и техничко опремување на царинарниците, ќе се рационализира царинската постапка со воведување единствен царински документ, ќе се зголеми бројот на мобилните екипи составени од претставници на Управата за царина кои ќе ја контролираат постапката на царинењето и примената на прописите, ќе се донесе кодекс за однесување на цариниците и ќе се утврди систем на територијална ротација на царинската администрација на секои три или шест месеци.

## III СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ

Во 1996 година ќе се продолжи со преземање на мерки за натамошни структурни реформи. Процесот на структурните реформи ќе продолжи да се остварува согласно утврдената политика со Стабилизационата програма на Владата на Република Македонија и со Макроекономската политика на Република Македонија за 1995 година (освен политиката за преструктуирање на претпријатијата - најголеми загубари).

### Приватизација

Ќе се забрза процесот на трансформација на претпријатијата со општествен капитал при што се очекува целосно да заврши приватизацијата на претпријатијата опфатени со постојниот закон.

Ќе се создадат нормативни и други услови за отпочнување со приватизација на претпријатијата кои беа изземени со постојниот Закон. Притоа ќе се отпочне со приватизација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште во државна сопственост и земјоделски задруги кои имаат општествен капитал, на деловите од јавните претпријатија кои не се непосредно врзани за функционирањето на системот, односно претпријатието, а се способни самостојно да работат на комерцијална основа и на капиталот од претпријатија, установи или делови од културата, здравството, спортот и детската заштита.

Во 1996 година акциите издадени согласно Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кој во своето работење искажуваат загуби ќе се претворат во обични акции и ќе се спроведе задолжителна аукциска продажба на истите.

### Реструктуирање и санација на банките

Во 1996 година ќе се заокружи процесот на санација и реконструирање на банките во Република Македонија.

Ќе се изврши исплата на каматата по издадените обврзници за превземениот долг од деловните банки согласно Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија и за првите три месеци од 1995 година.

Ќе се издадат државни обврзници во корист на комерцијалните банки за извршените исплати од сопствени средства на девизните штедни влогови и девизните средства на граѓаните по кои гарант е Република Македонија, а кои не беа опфатени со постојниот Закон.

Во 1996 година ќе продолжи со засилени активности санацијата на Стопанска банка (преостанатиот дел) со цел нејзино преструктуирање и приватизација. До целосното финансиско санирање на остатокот на Стопанска банка државата ќе продолжи со држење на своите сметки просечно салдо од 500 мил. денари. Стопанска банка ќе одобрува кредити од сопствен капитал на заемобарачите само во рамките на наплатените побарувања од порано пласираните средства.

И во 1996 година ќе се задржи нивото на намалените месечни исплати за плати за 50% во споредба со јуни 1995 година. Исто така треба да започне постапка за ослободување од технолошкиот вишок на работници во остатокот од Стопанска банка. За оваа цел ќе се утврди скратена и поефикасна процедура.

**Промени на пазарот на работна сила и на системот на социјална сигурност**

1. Во 1996 година во секторот на работната сила ќе се заокружи законската регулатива со цел таа да стане иманентна со законите на земјите со пазарна економија.

Ќе се создадат услови за воспоставување и функционирање на пазарот на работна сила; институционализирање на вработеноста во приватниот сектор; како и повремено работно ангажирање за вршење на одделни работи во јавниот сектор на лицата на кои им престанал работниот однос по основ на технолошки вишок, стечај и слично, а примаат надомест за невработени.

Барање за извршување на јавни работи доставува државен орган или овластена институција од државен орган. Доколку корисниците на социјалниот надоместок не се јават на работа на повик на овластениот орган за нивно времено работно ангажирање, во наредниот месец по службена должност ќе го изгубат правото за користење на надоместокот.

Ќе се доврши трансформацијата на сегашната институција за вработување и нејзино прераснување во институција за берзанско посредување при вработувањето, согласно меѓународните норми и стандарди, вообичаени за земјите со развиена пазарна економија.

Ќе се воспостави единствен, современ информативен систем на целокупната понуда и побарувачка на работна сила во земјата и средување на статистиката на трудот.

На лицето кое одбило да се вработи на понудена работа која одговара на неговото образование и стручност му престануваат сите права кои произлегуваат по основ на невработеност.

Ќе се преиспита сегашниот начин на евиденција на вработените, а непријавени лица, со цел да се воспостави поефикасен начин, а кој ќе обезбедува наплата на придонесите и даноците од плата по ангажирано лице.

Привременото работно ангажирање на невработени лица преку студентски-младински задруги ќе се пренесе во евиденција на институцијата надлежна за посредување при вработувањето. Исто така ќе се развива посредувањето за вработување на одредено време и на пократко време од целодневното за извршување на одредени работи.

Ќе се изострат, а воедно и прошират формите на санкционирање на прекршоците во доменот на работното законодавство.

Во 1996 година ќе се продолжи со системот на материјално обезбедување на лицата кои останале без работа во процесот на структурни реформи.

Ќе се пренесе надлежноста за распределбата на средствата за материјална и социјална сигурност на невработените кај соодветните социјални установи-центри.

2. Во 1996 година ќе започне да се применува нов модел на заштита на социјално загрозеното население кој ќе се темели на обезбедување гарантиран минимум на социјално заштитен надомест на загрозеното население.

Со новиот модел на заштита на социјално загрозеното население ќе се создаваат услови за праведно и ефикасно селектирање на категоријата сиромашни лица врз основа на утврдена „линија на сиромаштија" која ќе се заснива врз минимална потрошувачка кошница.

Висината на гарантираниот минимум на социјално заштитен надомест, ќе се утврди диференцирано во корелација со различните типови на домаќинства и висината на вредноста на потрошувачката кошничка на ниво на држава, региони и градско-селски подрачја.

Ќе се обезбеди навремена исплата на социјално заштитниот надомест (тековен месец за претходен месец), еднаков третман на семејствата и негово целосно интегрирање во постојниот систем на социјална заштита.

Ќе се обезбедува ригорозна контрола и непосреден увид на доказните документи на корисниците на надоместокот. Ќе се изврши реорганизација на социјалните центри, нивна докомпјутеризација и информационо поврзување со надлежното министерство. Ќе се изостри одговорноста на лицата кои издаваат документи со кои се докажува социјалниот статус и одговорност на лицата кои вршат категоризација и исплата на надоместокот.

До примената на новиот модел на социјална заштита ќе се продолжи со реализација на постојниот систем на програмско обезбедување на социјално заштитниот надомест на загрозените домаќинства согласно утврдените критериуми и извршеното намалување на висината на надоместокот во последното тромесечие од 1995 година.

## IV. ПРОЕКЦИЈА НА МАКРОЕКОНОМСКИТЕ АГРЕГАТИ

Во 1996 година, врз база на создадените услови и тие што ќе се создаваат со макроекономската политика, особено со укинувањето на блокада на јужната граница и укинувањето на санкциите на ООН спрема СР Југославија (Србија и Црна Гора), се очекува да се остварат позитивни стапки на стопански растеж. Врз тие основи се оценува дека основните макроекономски агрегати кои претставуваат индикативни проекции за 1996 година во однос на 1995 година би се оствариле со следната динамика: општествениот производ реално би се зголемил за околу 2%; индустриското производство за 2,6%, а трговијата за 2%; извозот на стоки и услуги номинално би се зголемил за 6,4%, а увозот на стоки и услоги за 2,9%; цените на мало ќе остварат пораст од 6,0%, (декември/декември), односно 0,5% просечно месечно, а дефлаторот на општествениот производ би изнесувал 7,8%; нивото на платите на вкупно вработените во декември 1996 година реално би било пониско за 3,5% во однос на декември 1995 година, при што реалното намалување на платите во економскиот сектор би изнесувало 3,0%; бројот на вработените во претпријатијата и установите со општествен, задружен и мешовит капитал би се намалил за 3,9%, а бројот на вработените во приватниот сектор (без земјоделството) би се зголемил за близу 10%. Во 1996 година ќе се зголеми учеството на вкупните инвестиции во општествениот производ на 18,1% спрема 16,9% во 1995 година, при што учеството на стопанските инвестиции во општествениот производ ќе достигне ниво од 11,5% спрема 10,1% во 1995 година, со што ќе се излезе од зона на дезинвестирање; а учеството на вкупните приходи за финансирање на јавните потреби (без трансфери) во општествениот производ во 1996 година ќе се намали на 36,6% спрема 38,5% во 1995 година.

* * *

Макроекономската политика на Република Македонија за 1996 година ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3125/3
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1671.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за општествена заштита на децата („Сл. весник на РМ", бр. 6/81, 40/87, 17/91, 38/91, 12/93), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА, УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОДАТОЦИТЕ НА ДЕЦА

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината, условите и начинот на остварувањето на додатоците на деца („Сл. весник на РМ", бр. 38/92, 78/92, 11/93, 65/93, 20/94, 68/94 и 9/95), во членот 21 и 22 бројот „1995" се заменува со бројот „1996".

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1.1.1996 година.

Број 11-4770/7
12 декември 1995 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика
**Илјаз Сабриу**, с.р.

---

**1672.**

Врз основа на член 157 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" бр. 21/84, 31/84, 32/85 и „Службен весник на РМ" бр. 55/91, 12/93, 31/93, 62/93 и 8/95), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР И ВОЗАЧКА ПОТВРДА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на дозволата за возач на трактор и образецот на возачката потврда.

Член 2

Дозволата за возач на трактор и возачката потврда се издаваат на дводелен образец во правоаголна форма, кој развиен има димензии 148x104 мм, а превиткан 74x104 мм.

Член 3

Образецот на дозволата за возач на трактор и образецот на возачката потврда се изработува од специјален материјал кој има соодветни механички и хемиски карактеристики.

Член 4

Образецот на дозволата за возач на трактор и образецот на возачката потврда се во розова боја со втиснати орнаменти и тоа:

– на средината од образецот по целата негова хоризонтала е втисната посебна шара со сребрена боја во вид на плетенка од квадрати и кругови со редуцирани страни и

– во долниот дел од образецот по целата негова хоризонтала е втисната посебна шара со златна боја во вид на крстовидна плетенка.

Член 5

Во образецот на дозволата за возач на трактор и во образецот на возачката потврда, податоците се запишуваат со машина за пишување.

### II. СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР

Член 6

Насловната страна на образецот на дозволата за возач на трактор содржи: натпис „Република Македонија", знак за меѓународна ознака „МК", назив „дозвола за возач на трактор" и сериски број.

Првата внатрешна страна од образецот на дозволата за возач на трактор содржи рубрики во кои се запишуваат следните податоци: име, презиме, место и датум на раѓање, матичен број, живеалиште, назив на органот што ја издал дозволата според местото на издавање на дозволата за возач на трактор, потпис на овластено лице, датум на издавањето на дозволата за возач на трактор, рок на нејзиното важење, број под кој е евидентирана, место за фотографија со димензии 30x35 мм и потпис на возачот. Врз фотографијата се нанесува заштитна фолија холограмски обработена.

Втората внатрешна страна од образецот на дозволата за возач на трактор содржи рубрика за категориите на возила за кои важи дозволата за возач на трактор (сите видови трактори, работна машина, мотокултиватор, велосипед со мотор, приклучно возило што го влече трактор или мотокултиватор) и рубрика: „забелешка", во која се внесува евентуалното постоење на посебни услови со кои се ограничува користењето на дозволата за возач на трактор (обврска за носење очила и сл.).

Последната страна од образецот на дозволата за возач на трактор содржи рубрика за запишување на промената на живеалиштето (со датум, потпис и место за печат) и две рубрики за продолжување на важењето на дозволата за возач на трактор (со наведување на рокот на важењето со потпис и место за печат).

Член 7

Дозволата за возач на трактор се изработува според образецот број 1 кој е приложен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

### III. СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ВОЗАЧКАТА ПОТВРДА

Член 8

Насловната страна на образецот на возачката потврда содржи: натпис „Република Македонија", знак за меѓународна ознака „МК", назив „возачка потврда" и сериски број.

Првата внатрешна страна од образецот на возачката потврда содржи рубрики во кои се запишуваат следните податоци: име, презиме, датум и место на раѓање, матичен број, живеалиште, назив на органот што ја издал потврдата според местото на издавање на возачката потврда, потпис на овластеното лице, датум на нејзиното издавање, рокот на важењето, број под кој е евидентирана возачката потврда, место за фотографија со димензии 30x35 мм и потпис на возачот. Врз фотографијата се нанесува заштитна фолија холограмски обработена.

Втората внатрешна страна од образецот на возачката потврда содржи рубрика за категориите на возила за кои важи возачката потврда (работна машина, мотокултиваторот, велосипед со мотор, приклучно возило што го влече мотокултиваторот) и рубриката: „забелешка", во која се внесува евентуалното постоење на посебни услови со кои се ограничува користењето на возачката потврда (обврска за носење очила и сл.).

Категоријата на возилата за кои важи возачката потврда се потврдува со потпис на овластено лице и печат.

Последната страна од образецот на возачката потврда содржи рубрика за запишување на промената на живеалиштето (со датум, потпис и место за печат).

Член 9

Возачката потврда се изработува според образецот број 2, кој е приложен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот на дозволата за возач на трактор и возачка потврда („Службен весник на СРМ“ бр. 23/85 и „Службен весник на РМ“ бр. 51/92).

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-37783/1
18 септември 1995 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.

Образец број 1

ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕТО

бр

ДАТУМ ПОТПИС

М П

ПРОДОЛЖЕНО ВАЖЕЊЕТО НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР

ВАЖИ ДО ПОТПИС

М П

ПРОДОЛЖЕНО ВАЖЕЊЕТО НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР

ВАЖИ ДО ПОТПИС

М П

МК 0000001

Последна страна

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МК**

**Д О З В О Л А**
**ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР**

МК 0000001

Насловна страна

ИМЕ

ПРЕЗИМЕ

ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ

МАТИЧЕН БРОЈ

ЖИВЕАЛИШТЕ

ИЗДАДЕНА ОД ВО

ПОТПИС

НА ДЕН

ВАЖИ ДО

БРОЈ

ПОТПИС НА ВОЗАЧОТ

Прва внатрешна страна

| КАТЕГОРИИ НА ВОЗИЛА ЗА КОИ ВАЖИ ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР |
| --- |
| Сите видови трактори, работна машина, мотокултиватор, велосипед со мотор, приклучно возило што го влече трактор или мотокултиватор |
| ЗАБЕЛЕШКА |

Втора внатрешна страна

Образец број 2

ПРОМЕНА НА ЖИВЕАЛИШТЕТО

бр

ДАТУМ ПОТПИС

М П

МК 0000001

Последна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МК

ВОЗАЧКА ПОТВРДА

МК 0000001

Насловна страна

ИМЕ

ПРЕЗИМЕ

ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ

МАТИЧЕН БРОЈ

ЖИВЕАЛИШТЕ

ИЗДАДЕНА ОД ВО

ПОТПИС

НА ДЕН

ВАЖИ ДО

БРОЈ

ПОТПИС НА ВОЗАЧОТ

Прва внатрешна страна

| КАТЕГОРИИ НА ВОЗИЛА ЗА КОИ ВАЖИ ВОЗАЧКАТА ПОТВРДА |
| --- |
| Работна машина, мотокултиватор, велосипед со мотор, приклучно возило што го влече мотокултиватор |
| ЗАБЕЛЕШКА |

Втора внатрешна страна

**1673.**

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ“, бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОСТАВОТ, НАДЛЕЖНОСТА И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОЦЕНКА НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се уредува составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисии за оценка за привремена спреченост за работа од 16 до 60 дена и над 60 дена, кои се формирани во Фондот за здравствено осигурување.

## II. СОСТАВ НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ

Член 2

Првостепени и второстепени лекарски комисии, како стручно медицински органи за давање наод, оценка и мислење во постапката за оценување на привремената спреченост за работа се формираат за подрачјето на секоја подрачна служба на Фондот за здравствено осигурување.

На подрачјето на град Скопје, во зависност од бројот на осигурениците, односно бројот на предметите, можат да се формираат две или повеќе првостепени лекарски комисии.

Член 3

Лекарските комисии по правило се формираат од редот на докторите на медицина вработени во здравствените организации и во Фондот за здравствено осигурување од подрачјето на општината, односно градот Скопје, за време од 4 години.

Лекарските комисии за оценка на привремената спреченост за работа се составени од претседател и два члена и нивни заменици.

## III. НАДЛЕЖНОСТ НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ

### 1. Првостепена лекарска комисија

Член 4

Првостепената лекарска комисија дава оценка за привремената спреченост за работа од 16 до 60 и над 60 дена и тоа:

1. Кога осигуреникот ќе го упати избраниот лекар од примарната здравствена заштита по навршувањето на 15 дена непрекинато боледување;
2. Кога осигуреникот ќе вложи приговор против оценката на избраниот лекар за привремената спреченост за работа;
3. Кога лекарски преглед за осигуреникот ќе побара Подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување, или организацијата, односно работодавачот.
4. За неопходност на нега на дете до тригодишна возраст и на член на потесно семејство.

Првостепената лекарска комисија дава наод, оценка и мислење и кога осигуреникот треба да оствари право на медицинска рехабилитација во болнички услови во медицинските центри и во Заводот за медицинска рехабилитација - Скопје, или право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување.

Првостепената лекарска комисија дава наод, оценка и мислење и за повреда на работа и професионално заболување, за потребата од ортопедски помагала и ја утврдува здравствената состојба на лица кои домашни правни лица ги упатуваат на работа во странство.

Член 5

Првостепените лекарски комисии вршат и други работи кои со Законот за здравствената заштита или со подзаконски акт на Министерството за здравство им се ставени во надлежност.

### 2. Второстепена лекарска комисија

Член 6

Второстепената лекарска комисија одлучува по приговорите изјавени против наодите, оценките и мислењата на првостепената лекарска комисија.

Доколку второстепената лекарска комисија го измени наодот и мислењето на првостепената лекарска комисија по повод изјавениот приговор и на осигуреникот му го продолжи боледувањето, при иста или влошена здравствена состојба, одлучува по секој понатамошен предлог на избраниот лекар за продолжување на привремената спреченост за работа.

### 3. Работа на лекарските комисии

Член 7

Лекарските комисии работат врз основа на Законот за здравствена заштита, подзаконските акти на Министерството за здравство и овој правилник.

Член 8

Лекарските комисии работат и одлучуваат во полн состав, а мислењето го донесуваат со мнозинство на гласови.

Член 9

Лекарските комисии своите наоди, оценки и мислења ги даваат врз основа на непосреден лекарски преглед на осигуреникот и врз основа на медицинска документација доставена од избраниот лекар, односно непосредно од осигуреникот.

Член 10

Ако лекарската комисија смета дека медицинската документација не е доволна за давање наод, оценка и мислење, ќе побара дополнителна медицинска обработка, односно медицинска документација од избраниот лекар, доколку дополнителната обработка, односно документација лекарската комисија не ја обезбеди на друг начин.

Член 11

Со работата на лекарската комисија раководи и за нејзината работа е одговорен претседателот на лекарската комисија.

Член 12

Против наодот, оценката и мислењето на првостепената лекарска комисија осигуреникот има право на приговор во рок од 3 (три) дена до второстепената лекарска комисија, сметајќи од денот на соопштувањето на оценката на првостепената лекарска комисија.

Приговорот од став 1 на овој член се поднесува непосредно до второстепената лекарска комисија, со наведување на причините и околностите поради кои осигуреникот смета дека оценката на првостепената лекарска комисија не е правилна.

Член 13

Наодот, оценката и мислењето, лекарските комисии на осигуреникот му го соопштуваат во писмена форма.

За наодот, оценката и мислењето за секој конкретен случај, лекарските комисии го известуваат избраниот лекар-лекарската комисија против чија оценка е изјавен приговорот, организацијата во која е вработен осигуреникот, односно работодавачот.

Член 14

Во случај на подолго траење на привремената спреченост за работа, лекарската комисија го упатува осигуреникот до надлежниот орган за оценување на работната способност, според прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 15

Лекарските комисии водат дневник за својата работа.

Во дневникот редоследно се внесуваат податоци за осигуреникот, наодот, оценката и мислењето за привремена спреченост за работа.

Дневниците за работа на лекарските комисии се чуваат 10 години.

Член 16

За организацијата и за ажурноста во работата, лекарските комисии се одговорни пред раководителот на подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување.

Лекарските комисии тромесечно поднесуваат извештај за својата работа до директорот на Фондот за здравствено осигурување.

Член 17

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01—9656
22 декември 1995 година
Скопје

Министер за здравство,
проф. д-р **Илија Филипче**, с.р.

---

**1674.**

Врз основа на член 59 точка 4 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ", бр. 38/91, 46/93 и 55/95), министерот за здравство донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварувањето на правата и обврските од здравственото осигурување („Службен весник на РМ", бр. 3/92, 11/92, 32/92 и 6/95), во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Правата од задолжително здравствено осигурување осигуреникот и членовите на неговото семејство ги остваруваат врз основа на здравствена легитимација и потврда за платен придонес".

Во ставот 2 зборовите „и ако е заверена" се бришат.

Во ставот 5 по зборот „легитимација" се додаваат зборовите „и потврда за платен придонес".

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Како итен случај, во смисла на овој правилник, се смета пружање на дијагностичко-терапевтски постапки кои се неопходни за отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на осигуреникот".

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

„Член 2-а

Потврдата за платен придонес за здравствено осигурување ја издава Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба, според местото на живеење, односно работа на осигуреникот, ако обврзникот редовно го уплатува придонесот за здравствено осигурување или со задоцнување од најмногу 60 дена сметано од истекот на последниот ден од месецот за кој се плаќа придонесот.

Потврдата од ставот 1 на овој член содржи: име и презиме на осигуреникот, број на здравствената легитимација, регистарски број на обврзникот, сериски број, месецот за кој е платен придонесот и месеците и годината во кои можат да се користат здравствени услуги на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување.

Потврдата за платен придонес за здравствено осигурување за корисниците на пензија или друг надоместок од пензиското и инвалидското осигурување, се издава со скратени податоци заедно со чекот со кој се исплатува пензијата односно надоместокот.

Потврдата за платен придонес за здравствено осигурување се издава во потребен број на примероци за здравствени услуги и за лекови. Примерок од потврдата се приложува кон пресметката за извршената здравствена услуга и кон рецептот за издаден лек".

Член 3

По насловот на глава II „Остварување на примарната и специјалистичко-консултативната здравствена заштита" се додава нова точка која гласи: „1. Избор на лекар и остварување на примарната здравствена заштита".

Член 4

Членот 3 се менува и гласи:

„Осигуреникот заради користење на здравствена заштита избира лекар во примарната здравствена заштита (општа медицина, медицина на трудот, педијатрија, училишна медицина, гинекологија и општа стоматологија) во здравствените организации на подрачјето на општината, односно градот Скопје, според местото на живеење, односно работа.

По исклучок на став 1 на овој член, осигуреникот може да избере лекар во најблиската односно најдостапната здравствена организација до местото на живеење односно работа. Како избран лекар во смисла на став 1 на овој член се смета лекар во здравствена организација или лекар кој врши здравствена дејност со личен труд".

Член 5

Членот 4 се менува и гласи:

„За децата - осигурени лица до 14 годишна возраст, изборот на лекар го врши родителот односно старателот".

Член 6

Членот 5 се менува и гласи:

„Осигуреникот избира лекар за период од 1 година сметано од денот на изборот, што се запишува во здравствениот картон и во здравствената легитимација на осигуреникот.

По истекот на рокот од став 1 на овој член осигуреникот може да го задржи избраниот лекар без повторно изјаснување за избор на лекар".

Член 7

По членот 5 се додаваат 3 нови членови, член 5-а, член 5-б, член 5-в и член 5-г, кои гласат:

„Член 5-а

Избраниот лекар може да се промени и пред истекот на рокот од 1 година, заради:

- престанок на работа на лекарот;
- промена на местото на живеење, односно работа на осигуреникот;

– други оправдани причини.

По барањето на осигуреникот од став 1 алинеа 3 на овој член, одлучува работоводниот орган на здравствената организација.

Член 5-б

Избраниот лекар може да го одбие изборот на осигуреникот ако не е во можност да го прими осигуреникот кога му е исполнет нормативот утврден со општиот акт.

Член 5-в

Во случај кога избраниот лекар е отсутен или привремено спречен за работа (поради болест, породилно отсуство, неплатено отсуство, стручно усовршување и друго), осигуреникот ја остварува примарната здравствена заштита кај друг лекар од иста струка и специјалност определен за замена. Лекарот што е определен да го заменува избраниот лекар се запишува во здравствената легитимација и за замената се известува Фондот за здравствено осигурување.

Ако осигуреникот не се согласи со извршената замена од став 1 на овој член, а отсуството односно спреченоста на работа на избраниот лекар трае повеќе од 3 месеци, може да избере друг лекар.

Член 5-г

Изборот односно промената на лекарот се врши со пополнување на изјава за избор – промена на лекар на образец ИЛ-1, кој е составен дел на овој правилник.

Изјавата од став 1 на овој член се пополнува во 2 примероци од кои едниот останува во здравствениот картон на осигуреникот кај избраниот лекар, а другиот се доставува во подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување".

Член 8

Во членот 6 став 1 алинеа 2 по зборот „специјалист" се додаваат зборовите „со специјалистички упат".

Член 9

По член 6 се додава нова точка која гласи: „2. Остварување на специјалистичко-консултативната здравствена заштита".

Член 10

Членот 7 се менува и гласи:

„Специјалистичко-консултативната здравствена заштита се користи врз основа на упат од избраниот лекар.

Субспецијалистичка здравствена заштита осигуреникот користи само со упат на лекар специјалист".

Член 11

Во член 8 по зборот „специјалистички" се додаваат зборовите „односно субспецијалистички".

Член 12

Во член 14 став 2 алинеа 1 се менува и гласи:

„– дали се исцрпени сите можности за лекување во земјата и дали постои можност за успешно лекување на тоа заболување во здравствена организација во странство".

Член 13

Во член 16 став 3 зборовите „од кои еден лекар-специјалист физијатар" се бришат, а по зборовите „се наоѓа на болничко лекување" точката се брише и се додаваат зборовите „и наод, оценка и мислење на лекарска комисија".

Член 14

Во членот 26 став 2 по зборот „заштита" точката се брише и се додаваат зборовите „и потврда за платен придонес за здравствено осигурување".

Член 15

Во член 28 став 2 по зборот „противвредност" точката се брише и се додаваат зборовите „ако лекот е на Листата на лекови или е во ампуларна форма".

Член 16

Во член 29 по став 1 се додава нов став, кој гласи:

„Издавањето на секој лек, аптекарот го потврдува во здравствената легитимација на осигуреникот."

Член 17

Во член 30 зборовите „во здравствената организација која спроведува примарна здравствена заштита" се бришат.

Член 18

Во членот 33 став 1 зборот „лекарската" се заменува со зборовите „првостепена лекарска", а зборовите „во здравствената организација, во примарната здравствена заштита, кај која осигуреникот остварува здравствена заштита" се бришат.

Член 19

Во член 40 став 1 алинеа 2 зборовите „и потврда за процентот за зголемување на личниот доход во работната организација" се бришат. По алинеа 2 се додаваат 2 нови алинеи кои гласат:

„– потврда за движењето на платите во организацијата; и

– доказ дека здравственото осигурување траело непрекинато најмалку 6 месеци пред настапувањето на случајот."

Член 20

Членот 41 се брише.

Член 21

Во целиот текст на Правилникот зборовите „личен доход", „личниот доход" односно „личните доходи" се заменуваат со зборовите „плата", „платата" односно „платите".

Член 22

Главата XII Завршна одредба се заменува со зборовите „Преодни и завршни одредби" и се додава нов член 43-а кој гласи:

„Член 43-а

Потврдите за платен придонес за здравствено осигурување Фондот за здравствено осигурување ќе почне да ги издава по платениот придонес за месец ноември 1995 година, а со важност за месеците декември 1995 и јануари 1996 година".

Член 23

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-9533
18 декември 1995 година
Скопје

Министер за здравство,
проф. д-р **Илија Филипче**, с. р.

**1675.**

Врз основа на член 37 став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ", бр 38/91, 46/93 и 55/95), Министерот за здравство донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗА НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ВОДЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за образецот на здравствената легитимација и за начинот на нејзиното издавање, водење и користење („Службен весник на РМ", бр. 3/92, 12/92,

79/92, 6/95 и 19/95), во член 2 став 4 по зборот „стои“ се додаваат зборовите „рамка со димензии 3,5 x 3,0 см. наменета за фотографија на осигуреното лице, а под неа“, а по бројот „3/92“ се додаваат бројките „12/92, 79/92, 6/95, 19/95 и 65/95)“.

Во ставот 7 по зборот „печат“ точката се брише и се додаваат зборовите „на Фондот за здравствено осигурување“.

Ставот 24 кој станува став 26 се менува и гласи:

„На четириесет и осмата и натамошните страници се запишува избраниот лекар и изборот се заверува со потпис на овластено лице и печат на здравствената организација“.

Во ставот 25 по бројките „38/91“ се додаваат бројките „46/93 и 55/95“.

Член 2

Членот 3-а се брише.

Член 3

Во членот 5 зборовите „здравствената легитимација е заверена“ се заменуваат со зборовите „има доказ за платен придонес за здравствено осигурување“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-9532
18 декември 1995 година
Скопје

Министер за здравство,
проф. д-р Илија Филипче, с.р.

ИЛ-1

## ИЗЈАВА ЗА ИЗБОР-ПРОМЕНА НА ЛЕКАР

1.- Општа медицина
2.- Медицина на трудот
3.- Педијатрија
4.- Училишна медицина
5.- Гинекологија
6.- Општа стоматологија

**ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

|__|__|__|__|__|__|__|__| (шифра на здравствената организација)

|__|__|__|__|__| (шифра на раб.единица)

____________________________
(назив на здравствената организација)

**ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ:**

|__|__|__|__|__|__|__|__|__|__|__|__|__|
(единствен матичен број на граѓанинот)

|__|__|__| - |__|__|__|__|__|__|__|__| - |__|__|
(број на здравствена легитимација)

____________________
( презиме )

____________________
( име )

____________________
( улица )

|__|__|__|__|__| Место ____________
(пошта)

**ИЗЈАВУВАМ, ДЕКА Е:**

**а) мој лекар б) лекар на моето дете**

____________________
(презиме на лекарот)

____________________
(име на лекарот)

Шифра на лекарот |__|__|__|__|__|

Дата на избор: ______________

____________________
потпис на осигуреник/осигурено лице

**ИЗЈАВА ЗА ПРЕСТАНОК НА ИЗБОРОТ**

____________________
(причина за престанок)

Барањето за престанок го дал:
а) лекарот б) осигуреникот/осигуреното лице
Дата на престанокот:______________

**1676.**

Врз основа на член 25 од Законот за трговијата („Сл. весник на РМ“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95), министерот за стопанство донесе

## НАРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА КОИ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДРУГИТЕ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА ШТО ВРШАТ ДЕЈНОСТ СЕ ДОЛЖНИ ДА ДОСТАВУВААТ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЦЕНИТЕ

1. Во Наредбата за определување на производи и услуги за кои претпријатијата и другите правни и физички лица што вршат дејност се должни да доставуваат известување за цените („Сл. весник на РМ“ бр 58/95), во точка 1 алинеја 9 се брише.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-13455/1
28 декември 1995 година
Скопје

Министер за стопанство,
Ристо Иванов, с, р.

**1677.**

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87 и 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „25 МАЈ“ - МАКЕДОНСКИ БРОД

1. За член на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Домот на културата „25 Мај“ - Македонски Брод, се избира

Иван Цветковски, педагог во ЦОУ „Единство“ - Македонски Брод.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4285/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

---

**1678.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ВЕТЕРИНАРНАТА СТАНИЦА - ТИТОВ ВЕЛЕС

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Ветеринарната станица - Титов Велес, се избираат:

Пецо Стојановски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Зоран Ѓорѓиевски, секретар на Собранието на општина Титов Велес.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4292/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1679.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88) и Одлуката за овластување на комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР - КУМАНОВО

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Народниот театар - Куманово, се избираат:

Персида Малинска, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Благоја Стојковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4291/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

---

**1680.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ТУРСКАТА ДРАМА ПРИ ТЕАТАРОТ НА НАРОДНОСТИТЕ - СКОПЈЕ

1. За членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган на Турската драма при Театарот на народностите - Скопје, се избираат:

Дрита Карахасан, главен и одговорен уредник на Редакцијата „Бирлик“ и

Кенан Хасипи, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4290/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1681.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА АЛБАНСКАТА ДРАМА ПРИ ТЕАТАРОТ НА НАРОДНОСТИТЕ - СКОПЈЕ**

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Албанската драма при Театарот на народностите - Скопје, се избираат:

Мето Јовановски, актер при Драмскиот театар - Скопје и

Насер Зибери, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4288/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски**, с.р.

---

**1682.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПРИРЕДБИ „УНИВЕРЗАЛНА САЛА“ - СКОПЈЕ**

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во Центарот за организирање приредби „Универзална сала“ - Скопје, се избираат:

Илија Гоцевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Стојан Стојков, професор на Факултетот за музичка уметност - Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4276/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски**, с.р.

**1683.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ ДЕЛЧЕВО**

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Весели Цветови“ - Делчево, се избираат:

Цвета Николова, вработена во Матичната библиотека „Илинден“ - Делчево и

Ванчо Димитровски, дипломиран економист, вработен во ТП „Пиран“ - Делчево.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4287/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски**, с.р.

---

**1684.**

Врз основа на член 61 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ „ПРОЛЕТ“ - СКОПЈЕ**

1. За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Пролет“ - Скопје, се избираат:

Љубомир Крстевски, судија во Окружниот стопански суд - Скопје и

Марија Карчова, индивидуален работоводен орган на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Детска Радост“ - Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4286/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски**, с.р.

**1685.**

Врз основа на член 17 од Законот за ветеринарната служба („Службен весник на СРМ“ број 15/73, 20/90, и „Службен весник на Република Македонија“ број 28/91 и 83/92) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА ВЕТЕРИНАРНАТА СТАНИЦА - КАВАДАРЦИ

1. За претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Ветеринарната станица – Кавадарци, се именуваат:

Валентина Георгиева, републички ветеринарен инспектор – ПЕ на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

Панчо Минов, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Ристо Милев, управник на РЕ „Гоце Делчев“ погон во с. Возарци при АК „Тиквеш“ – Кавадарци.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4281/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1686.**

Врз основа на член 32 од Законот за библиотечната дејност („Службен весник на СРМ“ број 35/84, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 12/93) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА МАТИЧНАТА БИБЛИОТЕКА „СТРАШО ПИНЦУР“ - НЕГОТИНО

1. За претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе во Матичната библиотека „Страшо Пинџур“ - Неготино, се именуваат:

Киро Андонов, професор во УЦСО „Св. Кирил и Методиј“ - Неготино и

Герасим Мантов, секретар на А.Д. „Јадран“ – Неготино.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4283/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1687.**

Врз основа на член 13 од Законот за сценско-уметничката дејност („Службен весник на СРМ“ број 4/86, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 12/93) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ИЛИНДЕН“ - ДЕМИР ХИСАР

1. За претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Домот на Културата „Илинден“ – Демир Хисар, се именуваат:

Гоце Цветановски, дипл. правник во ПОС „Бигла“ – Демир Хисар и

Стево Митревски, земјоделски инженер, вработен во ПЕ на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4279/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1688.**

Врз основа на член 13 од Законот за сценско-уметничката дејност („Службен весник на СРМ“ број 4/86, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 12/93) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „25 МАЈ“ - МАКЕДОНСКИ БРОД

1. За претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Домот на Културата „25 Мај“ – Македонски Брод, се именуваат:

Петре Трајаноски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Слободан Павлески, директор на ЈП „Комуналец“ – Македонски Брод.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-4282/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1689.**

Врз основа на член 30 од Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА РО „ЗООЛОШКА ГРАДИНА" - БИТОЛА

1. За претставници на Републиката во Советот на „Зоолошка градина" - Битола, се именуваат:

Вељо Тантаров, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Славко Котевски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-4284/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1690.**

Врз основа на членови 22 и 24 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ" број 25/79, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93) и Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 28/91), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 25 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА МУЗЕЈОТ НА ГРАД КРАТОВО

1. За претставници на Републиката во Советот на Музејот на град Кратово, се именуваат:

Љубисав Иванов, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Царинка Младеновска, раководител на Културно-просветната заедница - Кратово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-4280/1
25 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Наќе Стојановски,** с.р.

**1691.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 20 декември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА

1. **СЕ УКИНУВА** Одлуката за цените на одредени комунални услуги донесена од Работничкиот совет на Јавното претпријатие „Илинден" во Пробиштип на 13 јануари 1995 година, во делот што се однесува на:

а) градско зеленило;
б) комунален придонес; и
в) одржување на градски гробишта.

2. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У. бр. 160/95 од 1 ноември 1995 година, по поднесена иницијатива од Крсто Трајков и други граѓани од Пробиштип, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на делот од Одлуката означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната уставност и законитост.

3. Во одговорот на наводите на Решението, Јавното претпријатие „Илинден" во Пробиштип наведе дека оспорената одлука претставува интерен акт со која се определуваат цени на одделни комунални услуги кои се утврдуваат во почетокот на годината и , како такви се основа за изготвување план за работа за односната година, а во кој биле програмирани работите, потребните средства за покривање на трошоците, како и изворите на приходите. Планот се доставувал до Собранието на Општината кое го разгледувало и усвоило заклучок за негово усвојување.

При утврдувањето на изворите на приходите за покривање на трошоците за одржување на градското зеленило, бил одреден процент од цената на потрошен $м^3$ вода, во висина од 6%.

По истиот принцип, со усвојување на Планот за работа на Претпријатието за 1990 година, била донесена и одлука за утврдување на надоместок за одржување на градските гробишта во град Пробиштип.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената Одлука е определена цената на одредени комунални услуги и тоа за: вода за домаќинство; канализација, градско зеленило; изнесување на смет; комунален придонес и за одржување на градските гробишта.

5. Според член 33 од Уставот на Република Македонија, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон, а според член 68 став 1 алинеја 3 од Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки.

Според член 3 од Законот за уредување и одржување на зелените површини („Службен весник на СРМ" бр. 45/68), за уредување и одржување на зелените површини во општествена сопственост што се во општа употреба се грижи општината. Според ставот 2 на овој член, зелените површини во општествена сопственост што не се во општа употреба ги уредуваат органите односно работните и други организации кои управуваат со тие површини, а според ставот 3 на овој член општинските собранија со своја одлука ги одредуваат зелените површини што се во општа употреба.

Според член 11 од Законот одржувањето на зелените површини се врши според нормативите што ги пропишува општинското собрание, а според членот 12 од Законот, ако органот односно организацијата што управува со зелените површини не ги одржуваат зелените површини редовно и во сообразност со утврдените нормативи, општинскиот орган на управата надлежен за комунални работи ќе нареди утврдените неправилности да се отстранат во рок што ќе го определи. Во спротивно органот ќе нареди утврдените неправилности да се отстранат на сметка на органот односно организацијата што управува со зелената површина (член 13 од Законот).

Од наведените законски одредби произлегува дека зелените површини се исклучиво грижа на општината и

дека општината ги утврдува изворите на средства за оваа цел.

Надоместокот за градското зеленило утврден со оспорената одлука несомнено претставува обврска за граѓаните и правните лица што треба да го плаќаат како цена за комунална услуга, односно за уредување и одржување на градското зеленило, што според мислењето на Судот, по својот карактер претставува јавна давачка. Со оглед на тоа што јавното претпријатие не е овластено да утврдува обврска за граѓаните и за правните лица да плаќаат надомест за градско зеленило, Судот оцени дека, во овој дел Одлуката, не е во согласност со наведените уставни и законски одредби.

Со членот 7 од Законот за гробиштата („Службен весник на СРМ" бр. 18/73), е предвидено дека гробиштата се изградуваат, уредуваат и одржуваат во согласност со урбанистичките и санитарните прописи и на начин предвиден со пропис на општината, а според член 12 од Законот, употребата на гробиштата се регулира со пропис на општината. Со гробиштата се управува врз основа на правилата што ги донесува општината однесно органот или организацијата што тоа ќе ја задолжи.

Од изнесените законски одредби произлегува дека општината или од неа овластена организација, е овластена да ги уредува прашањата на употреба на гробишта. Според тоа, ниту општината, ниту јавното претпријатие е овластено да воведува давачка на име цена за комунална услуга за одржување на гробишта. Со оглед на тоа што со оспорената одлука е воведена давачка на граѓаните за одржување на гробиштата, Судот оцени дека во овој дел Одлуката не е во согласност со наведение уставни одредби и со наведените одредби од Законот за гробиштата.

Според член 44 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на СРМ" бр. 10/79, 18/89 и 21/91), собранието на општината може да утврди надоместок за употреба на градежното земјиште според обемот и степенот на опременоста со комунални објекти и инсталации.

Со Одлуката од став 1 на овој член се уредува висината, роковите на плаќањето и начинот на пресметувањето на надоместокот.

Надоместокот од став 1 на овој член го плаќа непосредниот корисник на таквото земјиште.

Како непосреден корисник, во смисла на став 3 на овој член се смета носителот на правото на користење на недвижности и сопственикот на станарското право.

Од наведените законски одредби несомнено произлегува дека овој вид давачка може да ја утврди само општината, како и да ја утврди висината, роковите на плаќањето и начинот на пресметувањето. Според тоа, јавното претпријатие немало овластување да утврдува комунален придонес и да ја определува цената на овој вид придонес, поради што Судот оцени дека и во овој дел Одлуката не е во согласност со наведените уставни одредби и наведените одредби од Законот за градежното земјиште.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 160/95
20 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с, р.

---

## КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

69.

Врз основа на член 89 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„бр.80/93), и член 5 од Општиот колективен договор за јавните служби , јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност („Службен весник на РМ„ бр. 39/94), Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија и Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија на ден 27.XII.1995 година, склучија

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
за основното образование во Република Македонија

### *ОПШТИ ОДРЕДБИ*

Член 1

Со овој Колективен договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците и на работодавецот од работен однос, како и обемот и начинот на остварување на правата, обврските и другите одредби за прашањата од интерес за работниците и работодавецот, како и постапка за решавање на меѓусебните спорови.

Овој Колективен договор важи за сите работници и работодавци во основното образование во Република Македонија, во чие име Колективниот договор е склучен.

Член 2

Работодавец во смисла на овој Колективен договор е основно училиште или ученички дом.

Член 3

Работник во смисла на овој Колективен договор е лице кое засновало работен однос во основното училиште или ученички дом.

Член 4

Со Колективен договор на ниво на работодавец и со договор за работа можат да се утврдат поголеми права утврдени во овој Колективен договор, како и други права кои не се предвидени со овој Колективен договор, ако тоа не е во спротивност со Законот.

Доколку со Колективен договор на ниво на работодавец некои од правата на работниците се утврдени понеповолно од правата што произлегуваат од овој Колективен договор, се применуваат одредбите од овој Колективен договор.

Член 5

Овој Колективен договор може да се применува и непосредно.

***ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ***

**I. ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС**

1. Услови за засновање на работен однос

Член 6

Одлука за потреба за засновање на работен однос донесува директорот на основното училиште, односно ученички дом.

Член 7

Работен однос може да заснова секое лице што ги исполнува условите утврдени со Закон, овој Колективен договор или акт на ниво на работодавец.

Посебните услови можат да се предвидат како услов за засновање на работен однос ако се потребни за извршување на работите на одредено работно место.

Како посебни услови за засновање на работен однос може да се предвидат посебно: видот и степенот на стручната подготовка,

посебни знаења и способности за извршување на соодветни работи, работното искуство, посебната здравствена состојба, психофизички способности и сл.

Како посебни услови за засновање на работен однос не можат да се утврдат староста и полот, освен во случај кога тоа со посебни прописи поинаку е утврдено.

Доколку ги исполнува општите и посебните услови, предност при засновање на работен однос има лицето кое живее во град, а со најдолг стаж во училиште на село.

За извршување на работи и работни задачи за кои како посебен услов не се бара стручна подготовка или друг вид стручна оспособеност не може како посебен услов да се утврди работното искуство.

Член 8

По приговорот на кандидатот кој не е избран на оглас, одлучува училишниот одбор.

Член 9

Проверка на способностите за вршење на работите на определено работно место врши работодавецот, односно органот што тој го овластил и тоа со:

- тестирање;
- разговор и сл,;
- аудиција;
- следење на извршување на работните задачи за периодо од 1 месец.

2. Работен однос на определено време

Член 10

Работен однос на определено време може да се заснова за време кое е однапред определено за настава, најмногу до 12 месеци во учебната година.

3. Приправник

Член 11

Должината на приправничкиот стаж се утврдува во зависност од степенот на образованието и тоа:

- за IV степен ..................................... до 6 месеци
- за V степен .......................................до 8 месеци
- за VI степен .....................................до 12 месеци
- за VII степен ....................................до 12 месеци

Член 12

Приправникот заснова работен однос на определено време само во случаите ако:

- не постојат услови по завршувањето на приправничкиот стаж и успешно положениот испит да се вработи на соодветно работно место;
- приправникот сака да стекне работно искуство за самостојна работа.

Приправничкиот стаж се обавува според Програма што ја донесува Министерството за образование и физичка култура.

Член 13

На приправникот приправничкиот стаж му се продолжува во случај на отсуство од работа кое надминува 10 дена од приправничкиот стаж, освен во случај на отсуство за време на годишен одмор.

4. Распоредување на работник

Член 14

Работникот во текот на траењето на работниот однос, според потребите на процесот за работа може да биде распореден на друго работно место во дејноста кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, квалификација, односно способност особено во следните случаи:

- ако работното место се укинува или е намален обемот на извршувањето;
- ако работното место на кое се распоредува работникот е слободно, односно упразнето (при што приоритет имаат настаници кои живеат во град, а работат подолго на село).

Член 15

При распоредувањето, директорот е должен во соодветна постапка да ја утврди потребата од распоредување.

Одлука за распоредување на работник донесува директорот,

Распоредувањето се врши откако директорот и работникот ќе потпишат нов договор за работа или измени на договорот за работа.

## II. ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНАТА ПОЛОЖБА

1. Одмори и отсуства

Член 16

Должината на годишниот одмор ја утврдува директорот, особено врз основа на: должината на работното искуство, сложеноста

на работите на работното место, условите за работа и здравствената состојбас на работникот.

Наставниците годишниот одмор го користат за време на летниот распуст на учениците.

Планот за користење на годишен одмор се истакнува на огласна табла или друг начин на писмено известување, најмалку 30 дена пред користење на годишниот одмор на работникот.

Секој работник во рок од 15 дена од известувањето може да предложи распоред кој е за него поповолен. Распоредот за користење на годишниот одмор го утврдува работоводниот орган.

За користење на боледување за време на годишен одмор, работникот го известува работоводниот орган во рок од 24 часа, доколку за тоа постојат објективни можности.

Решение за користење на годишен одмор донесува директорот.

Член 17

Работникот има право на отсуство од работа со надомест на плата до 7 дена во текот на календарската година во следните случаи:

- за склучување на брак ........................................ 3 дена
- за склучување на брак на деца ......................... 2 дена
- за раѓање или посвојување дете ....................... 2 дена
- за одење во АРМ .................................................. 2 дена
- за испраќање на свое дете во АРМ ................... 1 ден
- за смрт на сопружник или дете .......................... 5 дена
- за смрт на родител, брат сестра ........................ 2 дена
- за смрт на родител на сопружник ....................... 2 дена
- за смрт на дедо или баба .................................... 1 ден
- за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавецот ............................. 3 дена
- за селидба на семејство од едно на друго место ................................................................. 2 дена
- за елементарни непогоди .................................... 3 дена
- за селидба на семејство во исто место .............. 1 ден
- за неодложни итни работи ................................... 1 ден

Во случаите од став 1, отсуство од работа се обезбедува без оглед на барањето на процесот на работа и се користи во деновите на траењето на основот врз основа на кој се остварува.

Одлука за отсуство од став 1 на овој член носи директорот.

Член 18

Работникот може да користи отсуство без надоместок на плата до 3 месеци во календарската година особено во следните случаи:

- неодложни лични работи;
- нега на член на семејство, која не е медицински индицирана;
- изградба или поправка на куќа или стан;
- за лечење на своја сметка ;
- во други случаи на барањето на работниците.

Работникот не може да користи отсуство за работа во странство, освен во случаи утврдени со закон.

Барањето работникот го поднесува по правило најмалку 15 дена пред времето што се бара за користење.

Одлука за отсуство од став 1 на овој член носи директорот.

2. Заштита на работниците при работа

Член 19

Работодавецот е должен најмалку еднаш годишно да обезбеди систематски здравствен преглед на работникот заради откривање на професионални заболувања, ако со закон не е поинаку уредено.

Средствата за систематски прегледи ги обезбедува работодавецот.

Член 20

На работник кој без своја вина ќе постане делумично или целосно неспособен за работното место според акт на надлежен орган, не може да му се даде отказ, ниту да биде прогласен за технолошки вишок

## III. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

Член 21

Работникот кој по своја вина ќе направи штета на работата, должен е истата да ја надомести.

Против одлуката за надомест на штета, што ја донесува директорот, односно од него овластен орган, работникот има право на приговор до училишниот одбор во училиштето во рок од 8 дена на доставувањето на одлуката.

Член 22

Училишниот одбор може поради оправдани причини да го ослободи работникот од плаќање надомест на штета во целина или делумно, под услови, случаите и критериумите утврдени со овој Колективен договор.

Член 23

Како оправдани причини, случаи и критериуми поради кои органот на управување може да го ослободи работникот од плаќање надомест на штетата во целина или делумно, се сметаат:

- ако штетата ја сторил да го заштити животот на работниците и учениците;
- ако штетата ја сторил да го заштити имотот на работодавецот;
- други случаи утврдени со Колективен договор на ниво на работодавец.

## IV. ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ И ДРУГИ ПРИМАЊА

Член 24

Работодавецот е должен на работникот да му исплатува ·ата за извршената работа.

Платата се пресметува и исплатува најмалку еднаш месечно.

Платата на работникот за тековниот месец се исплатува во паричен износ.

Придонесите и даноците на платите на работникот ги плаќа работодавецот со исплата на платата.

Член 25

Работодавецот е должен на работникот да му даде писмена потврда за исплатената плата, надоемстоците и придонесите, а на синдикалниот претставник увид во документацијата за пресметка на платите и уплатата на придонесите.

Член 26

Платата на работникот се состои од:

- плата за извршена работа;
- плата сразмерно на придонесот на работникот во создавањето на добивката.

1. Плата за извршена работа

Член 27

Платата на работникот за полно работно време утврдена врз основа на сложеноста на работите не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност спроед овој Договор, која работодавецот е должен да ја исплати на работникот.

Член 28

Најниската плата за најнизок степен на сложеност ја утврдуваат и објавуваат потписниците на овој Колективен договор најмалку еднаш квартално, но не може да биде пониска од најниската плата што ја утврдуваат потписниците на Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност.

Член 29

Работодавецот кај кого настанале тешкотии во работењето врз основа на изготвена програма, со која се обезбедува надминување на настанатите проблеми и мислење од Синдикатот може да утврди отстапување од најниската плата утврдена со член 28 од овој Договор со тоа што отстапувањето не може да изнесува повеќе од 20% од износот на најнискта плата утврдена со овој Договор, а намалувањето не може да трае подолго од 6 месеци.

Работодавецот е должен на крајот на тековната година доколку финансиските резултатите по годишната пресметка тоа го овозможуваат на работниците да им изврши исплата на разликите меѓу основната плата и помалку исплатената плата од став 1 на овој член.

Член 30

Најниската плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на работникот, се утврдува така што износот на најниската плата за најнизок степен на сложеност се множи со соодветниот коефициент за степен на сложеност и тоа:

I. ГРУПА

Едноставна, рутинска работа и минимално знаење за обавување на работните задачи:

- општ работник

Коефициент на сложеност 1,00

II ГРУПА

Помалку сложени работи и задачи, односно работа со едноставни средства за работа:

- хигиеничар;
- курир;
- портир;
- чувар;
- ложач;
- перачка;
- сервирка;
- садомијач.

Коефициент на сложеност 1,20.

III. ГРУПА

Средно сложени работи и задачи, за кои се потребни потесни познавања за работата:

- ракувачна парни котли;
- градинар;
- помошник готвач.

Коефициент на сложеност 1,60.

IV. ГРУПА

Сложени работи од широк профил за кои се потребни и стручни познавања:

1. Подгрупа

- архивар;
- технички секретар;
- дактилограф.

Коефициент на сложеност 1,70.

2. Подгрупа

- економ-домаќин;
- благајник;
- готвач;
- хаусмајстор.

Коефициент на сложеност 1,90.

3. Подгрупа

- сметководител

Коефициент на сложеност 2,10.

V. ГРУПА

Посложени работи кои бараат поголем степен на самостојност во извршување на работата:
- администратор-секретар

Коефициент на сложеност 2,30.

VI. ГРУПА

Многу сложени работи кои бараат креативност во нивното извршување:

- секретар;
- сам.сметководител.

Коефициент на сложеност 2,70.

VII ГРУПА

Високо сложени работи сврзани за изведување на настава и други работни задачи кои бараат дополнително познавање на подрачјето на кое работи, со самостојност и креативност во нивното извршување:

- наставник-воспитувач:
  а) со ВСС - 3,00
  б) со ВШС - 2,80
  в) со ССС - 2,70

- стручени работници:
  а) со ВСС - 3,00
  б) со ВШС - 2,80
  в) со ССС - 2,70

Член 31

За сите други работни места кои не се наведени во член 30 од овој Колективен договор се применува коефициентот на сложеност на соодветната група и подгрупа.

Член 32

Педагошките звања се вреднуваат со:

- 0,15 за пониското звање од соодветниот коефициент од групата и подгрупата во која припаѓа и

- 0,30 за повисокото звање од соодветниот коефициент од групата и подгрупата во која припаѓа.

Член 33

Коефициентот на наставникот од соодветната група и подгрупа се зголемува ако работи во потешки услови за работа и тоа:

а) Работа во специјални паралелки и групи........................0,20

б) Работа во комбинирани специјални паралелки:
- од 2 одделенија ............................................................0,15
- од 3 одделенија ............................................................0,18
- од 4 одделенија ... ........................................................0,20

в) Работа во комбинирани паралелки во редовното основно образование:

- 2 одделенија ........................................................ 0,10
- 3 одделенија ........................................................ 0,15
- 4 одделенија ........................................................0,20

г) Работа во ридско-планински подрачја по паралелка:

| | | |
|---|---|---|
| I. категорија | - одделенска и предметна настава | - 0,50 |
| II категорија | " " | - 0,30 |
| III категорија | " " | - 0,10 |

Член 34

Коефициентот на наставникот во одделенска и предметна настава на која и припаѓа се зголемува за одделенско раководство за 0,10.

Член 35

Најниската плата на работникот од групата и подгрупата на која и припаѓа за постогнат квалитет во работата во месецот се зголемува до 10%, а за неквалитетно извршување најниската плата може да се намалува до 10% според актот на работодавецот.

Член 36

За време на приправничкиот стаж на работникот му припаѓа 80% од најниската плата предвидена за работното место за кое се оспособува.

Член 37

Работникот има право на 0,5% додаток на платата за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 38

Платата на работникот по час се зголемува најмалку :

- за работа подолга од полното работно време ........ 35%
- за работа - ноќе ........................................................ 35%

За работа во денови на празници утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

2. Плата сразмерно на придонесот на работникот по создавање на добивката

Член 39

Доколку училиштето, односно ученичкиот дом остварува добивка истата се уредува со колективен договор на ниво на работодавец.

3. Надоместоци на плати

Член 40

На работникот му припаѓаат надоместоци на плата за:

- годишен одмор;
- празници и неработни денови утврдени со закон;
- воена вежба;
- стручно оспособување и преквалификација, односно доквалификација согласно потребите на работодавецот;
- учество на обука за одбрана и заштита;
- јавување на покани на други надлежни органи;
- отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство;
- нега на дете;
- други случаи утврдени со Колективен договор на ниво на работодавец.

Надоместоците на плата на работникот во случаите од став 1 од овој член се исплатуваат од средствата на работодавецот во висина на исплатената плата на работникот за периодот утврден со овој Колективен договор, кој не може да биде подолг од последните 3 месеци.

Надоместокот на плата од став 1, алинеја 4 од овој член се валоризира со просечниот пораст на платите кај работодавецот.

Член 41

За време на неспособност за работа до 7 дена работникот има право на надоместок на плата во висина до 70% до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето - 80% и до 60 дена за сите денови 90% од платата на работникот испалтена во претходниот месец.

За професионални заболувања и повреди на работа и за други случаи утврдени со закон, надоместокот се утврдува во висина од 100% од платата на работникот исплатена во претходниот месец.

4. Други надоместоци

Член 42

Работникот има право на одделни надоместоци во висина утврдени со овој Колективен договор.

Основицата за пресметување на надоместоците на работниците претставува просечната месечна плата во стопанството на Републиката исплатена во претходните 3 месеци.

Висината на одделните надоместоци се утврдува во процент од основицата и тоа:

- 25% за регрес за исхрана, доколку исхраната не е организирана;

- 100% за регрес за годишен одмор;
- 8% за дневници за службени патувања, а за странство во висина што е пропишана за работниците во органите на управата.

Покрај износот на дневницата без преноќиште, посебно се признава надомест за трошоците за преноќиште во износ назначен во хотелската сметка, освен за ноќевање во хотел од „де лукс„ категорија.

Цела дневница му припаѓа на работникот за секои 24 часа поминати на службено патување и за остатокот на времето преку 12 часа кога службениот пат траел повеќе денови.

Половина дневница му припаѓа на работникот кога службеното патување трае преку 8 часа и за остатокот на времето преку 8 часа кога патувањето траело повеќе дена.

Регрес за исхрана се исплаќа за деновите кога работникот е на работа.

Покрај надоместоците од став 3 на овој член на работникот му се исплатува и:

- трикратен износ од основицата при заминување во пензија ;
- теренски додаток во зависност од обезбедените услови за престој на работникот на терен (сместување, исхрана и сл.) согласно актот на работодавецот, но не помалку од 8% од основицата;
- трошоци за превоз на работникот доколку е одалечено местото на живеење од работното место над 2 км., во случај кога нема организирано превоз - за денови кога работникот е на работа;
- до 30% од цената на литар гориво по поминат километар од патен налог за надомест на трошоците за користење на сопствен автомобил;

На работникот му се исплатува парична помош:

- во случај на смрт на работникот во висина од три плати:
- во случај на смрт на член на неговото семејство во висина на две плати;
- во случај на потешка инвалидност или боледување подолго од една плата;
- во случај на потешки последици од елементарна непогода во висина од една плата;
- во случај на селидба за службени потреби во висина на трошоци за селење.

Дневниците за службени патувања и регресот за исхрана меѓусебно се исклучуваат.

Надоместокот за одвоен живот и теренски додаток меѓусебно се исклучуваат.

Работниците имаат право на надомест за време на штрајк во висина не помалку од 60% од основицата од став 2 на овој член.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 43

Работодавецот обезбедува редовно и навремено информирање на работниците за:

- годишни програми за работа;

- позначајните решенија што влијаат на економската и социјалната положба на работниците;
- нацртите, односно предлозите на општите акти со кои се уредуваат одредени прашања од областа на работните односи;
- организациони промени;
- годишните финансиски планови и завршната сметка;
- предлог-одлуки со кои се уредуваат правата на работниците;
- платите, надоместоците и другите примања.

Начинот и формите на информирање на работниците ги определува работодавецот.

## VI. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 44

Работникот има право на образование кога тоа е во интерес на работодавецот.

Работникот е должен да се образува доколку работодавецот го упати на образование.

Доколку образованието е организирано за работното време, времето поминато на образование се смета во редовното работно време, така што работникот има исти права како да бил на работа.

Доколку образованието е организирано вон од работното време на работникот му припаѓа:

- износ согласно член 40, став 2 и 3 од овој Колективен договор;
- еден работен ден за секој испит за образование за специјализација за средно образование;
- еден работен ден за секој испит за виш или висок степен на оспособување;
- два работни дена за завршен испит при образование за специјализација за средно образование;

- два работни дена за одбрана на дипломска работа на виша или висока школа;
- еден работен ден за секој испит на постдипломски студии;
- три работни дена за магистерски испит;
- три работни дена за докторат.

Бројот на работните денови наменет за стручно оспособување и усовршување се утврдува согласно должината и видот на оспособувањето со спогодба помеѓу работодавецот и работникот.

На работникот кој се оспособува во интерес на работодавецот и кој е упатен на оспособување, му припаѓа надомест на трошоците сврзани со оспособувањето:

- превоз;
- котизација и школарина;
- трошоци за исхрана;
- трошоци за престој.

Одредбите од став 3 и 6 се однесуваат на работниците кои се упатени на оспособување во интерес на работодавецот.

Работодавецот е должен работникот кој е упатен на образование да го распореди на работно место согласно добиеното образование, за работниците што се оспособувале во интерес на работодавецот, во моментот (период) утврден со спогодбата.

Меѓусебните права и обврски меѓу работниците кои се упатени на образование и работодавецот се утврдуваат со посебен договор.

Доколку работодавецот не ги исполни обврските од Спогодбата за образование, работникот е ослободен од своите обврски што произлегуват од таа спогодба. Доколку работникот не ги исполни своите обврски од спогодбата должен е на работодавецот да ги надомести сите трошоци сврзани со образованието.

## VII. СИНДИКАТИ И РАБОТОДАВЦИ

1. Услови за работа на Синдикатот

Член 45

Работодавецот е должен да му создаде услови за работа и дејствување на мнозинскиот синдикат согласно законот, како и:

- на барање на Синдикатот да му достават податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба и да ги разгледува мислењата и предлозите на Синдикатот во постапката за донесување на одлуки и решенија што имаат влијание на материјалната и социјалната положба на работниците, во присуство на претставник на Синдикатот;

- стручни, административни и технички услови за работа на Синдикатот за остварување на синдикалните функции;

- на претставникот на Синдикатот да му се овозможи непречено комуницирање со работодавецот, односно од него овластен претставник, како и да му се дозволи пристап на работните места на работниците кога тоа е неопходно за остварување на функциите на Синдикатот.

Член 46

На Синдикатот му се доставуваат покани со материјали за седници на соодветните органи и му се овозможува учество на неговите претставници кога се одлучува по прашања кои влијаат врз материјалната и социјалната поолoжба на работниците.

Член 47

Синдикалниот претставник кај работодавецот, за време на вршењето на својата должност во Синдикатот и две години по нејзиното престанување, не може да биде повикан на одговорност за синдикална активност.

Синдикалниот претставник поради синдикални активности не може:

- да биде преместен во рамките на ист работодавец и кај друг работодавец;
- да му престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени;
- да му престане работниот однос со отказ од страна на работодавецот без согласност на републичкиот орган на Синдикатот;
- да биде распореден на понеповолно работно место.

Член 48

На претставникот на Синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа за синдикално оспособување и ефикасно вршење на функциите на Синдикатот.

Претставникот на мнозинскиот синдикат се ослободува од работните обврски на работното место заради извршување на функциите на Синдикатот со писмен договор помеѓу синдикалниот претставник и работодавецот во кој се утврдува времето на користење со надомест на плата.

Член 49

Директорот , како и училишниот одбор должни се да ги разгледаат предлозите, инцијативите, мислењата и барањата на Синдикатот во врска со остварувањето на правата, обврските од трудот и по основ на трудот и за заземените ставови да го известат Синдикатот.

Директорот е должен да го прими на разговор синдикалниот претставник на негово барање и со него да ги разгледа прашањата во врска со синдикалната активност и што се од материјален интерес на вработените.

Директорот е должен без надоместок да ги осигура следните услови за работа на Синдикатот:

- простор за одржување на состаноци;
- право на користење на телефон и телефакс во работното време и 2 часа потоа;
- слобода на синдикалното информирање и распределба на синдикалниот печат;
- технички услуги за работа на Синдикатот во обем неопходен за остварување на синдикалните активности;
- пресметка и уплата на синдикалната членарина преку исплатни листи.

2. Остварување на правото на штрајк

Член 50

Правото на штрајк работниците го остваруваат во согласност со Закон за штрајк.

## VIII. ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС

1. Престанок на работен однос по сила на Закон

Член 51

Работодавецот може да одлучи работникот кој наполнил 40 години стаж на осигурување или 65 години живот да остане во работен однос под следните услови:

- ако со огласување на потребата за работник, односно конкурс не може да се обезбеди работник кој ги исполнува потребните услови;
- ако работникот навршил 65 години живот, а нема 15 години пензиски стаж, може да остане во работен однос додека не наполнил 15 години пензиски стаж.

Во случајот од став 1 алинеа 1 на овој член работодавецот е должен да пријави потреба за работник, односно да објави оглас секои 6 месеци.

На работникот од став 1 алинеа 1 на овој член му престанува работниот однос ако по објавувањето за потребата на работник, односно распишаниот конкурс се јави кандидат кој ги исполнува условите за работа на тоа работно место, како и ако работодавецот не пријави потреба за работник, односно не распише конкурс според став 2 на овој член.

2. Престанок на работен однос со отказ

Член 52

Работниот однос на работникот му престанува поради кршење на работната дисциплина, неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор и договор за работа или ако е неспособен да ги извршува работните задачи, во случаите и под условите утврдени со закон и колективен договор на ниво на работодавец, но само ако директорот на работникот претходно му достави писмена опомена, освен во случаите утврдени со Закон.

Со колективен договор на ниво на работодавец поблиску се утврдуваат условите и околностите на случаите за престанок на работниот однос со отказ.

Член 53

За секоја повреда на работната дисциплина, неисполнувањето на обврските и поради неспособност за извршување на работните задачи, пред да му престане работниот однос на работникот со отказ, овластениот работник од училишниот одбор е должен да поднесе пријава до директорот , освен во случаите утврдени со Закон.

Член 54

Пред престанокот на работниот однос на работникот со отказ, работодавецот е должен да побара од работникот писмено да се изјасни за причините за престанок на работниот однос о отказ.

Член 55

Со колективен договор на ниво на работодавец се утврдува органот надлежен за донесување на одлука за престанок на работниот однос со отказ.

Против отказот за престанок на работен однос, работникот има право на приговор до училишниот одбор.

Член 56

Одлуката за престанок на работниот однос на работникот работодавецот е должен да ја донесе за еден месец од денот на дознавањето на повредата на работната дисциплина, неисполнувањето на обврските и поради неспособност на извршувањето на работните задачи, односно во рок од 3 месеци од денот кога е сторена повредата.

Член 57

Пред донесување на отказ за престанок на работен однос, работодавецот треба да го извести претставникот на Синдикатот и е должен неговото мислење да го земе во предвид при донесување на одлуката, ако истото е доставено.

Отказен рок

Член 58

Должината на отказниот рок изнесува:
- до 15 години работен стаж ...................... 1 месец;
- од 15 до 25 години работен стаж ............ 2 месеци;
- над 25 години работен стаж .................... 3 месеци.

Член 59

Со колективен договор на ниво на работодавец поконкретно се утврдува отказниот рок за поодделни причини за отказот.

Член 60

За време на отказниот рок, во случај на отказ даден од страна на работодавецот, работодавецот е должен на работникот да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување два часа дневно или четири дена во текот на еден месец.

Времето на користење на отказниот рок го одредува работникот во согласност со работодавецот.

За време на отказниот рок на работникот му следува плата согласно колективен договор на ниво на работодавец, сразмерно за времето поминато на работа.

Член 61

Директорот кој не е избран на конкурс или е разрешен пред време, го задржува работниот однос кај работодавецот на работно место соодветно на неговата стручна подготовка.

3. Престанок на работен однос поради економски, технолошки,структурални и слични промени

Член 62

На работникот не може да му престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени, доколку не му се обезбеди едно од правата по основ на работа утврдени со закон, во согласност со критериумите утврдени со овој Колективен договор.

Член 63

Критериумите за престанок на работниот однос поради економски, технолошки , структурални или слични промени се:

- степен на стручна подготовка и квалификација;
- работно искуство;
- успешност во работењето;
- видот и значењето на работното место;

- работниот стаж;
- возраст;
- здравствена состојба;
- економско-социјална состојба.

Член 64

Критериумите за утврдување вишок на работници се искажуваат во бодови и тоа:

а) Степен на стручна подготовка и квалификација до - 20 бода
- високо образование ........................................... - 20 бода
- вишо образование ............................................. - 15 бода
- средно образование ........................................... - 10 бода

б) Работно искуство до ........................................... - 16 бода
-работно искуство на работно место во дејноста со соодветна стручна подготовка - 0,40 бода за година;
- работно искуство на работно место за кое се бодува, а бил со пониска стручна подготовка - 0,20 бода за година;
- работно искуство за несоодветно работно место, а со соодветна стручна подготовка за местото кое се бодува - 0,10 бода за година.

в) Успешност на работењето ..................................... до 44 бода
- придонес и резултати во редовната настава до 12 бода
- придонес и резултати преку вонnаставни активности ........................................................ до 8 бода
- поширок придонес во образованието (автор, коавтор и рецензент на учебници, збирка, прирачник или скрипта, иноватор,автор на стручни написи и др.) ........................................ до 12 бода
- истакнат педагошки работник ............................ до 3 бода
- особено истакнат педагошки работник ............. до 6 бода
- државни признанија и одликувања за посебни заслуги во образованието ................................ до 3 бода

г)Видот и значењето на работното место .............. до 4 бода

д)Работен стаж 4 бода - 0,10 бода за година

ѓ)Возраст ...................................................................до 4 бода

е) Здравствена состојба ........................................ ...до 4 бода
- работник со хронична болест ..............................до 2 бода
- работник со послабо здравје како последица на несреќен случај или професионално заболување ........................................................до 2 бода

Здравствената состојба се утврдува врз основа на документација која ја издава соодветна здравствена установа.

ж) Економско-социјална состојба ............................ до 4 бода
- работник кој негува дете, стар човек или брачен другар со телесни мани и недостатоци ............................................. до 2 бода
- вработен само еден брачен другар .................. 1 бод
- самохран родител ............................................. 1 бод

Критериумите од претходниот член можат да се доразработат со колективниот договор на работодавецот.

Член 65

Кога за определен број работници престанала потребата за работа, а на работното место работат два или повеќе работници за вишок се утврдуваат работниците кои исполнуваат еден од условите за стекнување право за одење во пензија. Овие работници не се рангираат.

Член 66

Доколку по претходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржи работното место има работникот кој не поседува дуќан или стан кој го издава под закуп, не поседува обработливо земјиште над 4 хектари, не е сопственик на претпријатие или сосопственик, односно не е директор (застапник) на претпријатие чиј основач е тој или други лице од потесното семејство, не врши приватна дејност како споредно занимање и брачниот другар не врши приватна дејност како споредно занимање.

Член 67

За технолошки вишок ќе биде прогласен работникот кој со примена на критериумите од претходните членови остварил најмал број заокружени цели бодови.

Рангирањето по критериумите го врши комисија формирана од училишниот одбор, кој ја донесува одлуката за прогласување на технолошки вишок.

Член 68

Доколку по претходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место имаат:

- работничка за време на бременост и со дете до 2 години;
- самохран родител;
- усвоител на дете до 7 години;
- родител со потешко хендикепирано дете кој работи со скратено работно време;
- работник со преостанатата работна способност кој работи со скратено работно време;
- работник кој е до 5 години пред одење во пензија;
- еден од брачните другари кои се вработени кај ист работодавец.

Член 69

На работникот за кој престанала потребата од работа, поради економски, технолошки и структурални промени, се применува член 130 од Законот за работни односи, а доколку одбие да користи едно од правата, работниот однос му престанува.

Член 70

Министерството за образование и физичка култура посредува при преземање на работникот, согласно член 130 точка 1 од Законот за работни односи.

Директорот е должен да ги пријави слободните работни места и непополнетите часови до Министерството за образование и физичка култура.

## IX. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 71

Заради повреда на правата утврдени со закон или колективен договор, работникот има право да поднесе приговор до училишниот одбор.

Работникот има право да присуствува во постапката по приговорот пред надлежниот орган кој одлучува по поднесениот приговор и притоа да биде застапуван од Синдикатот.

Работникот кој отсуствува од работа поради остварување на правата од работен однос ќе се смета како да бил на работа и по тој основ не може да му се намалува платата.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ И АРБИТРАЖА

Член 72

За решавање на споровите меѓу потписниците на овој Колективен договор што не можат да се решат со меѓусебно преговарање се формира комисија за усогласување.

Член 73

Секој од учесниците именува по три члена во комисијата за усогласување.

Членовите на комисијата спогодбено именуваат претседател.

Член 74

Постапката за усогласување започнува на барање на еден од потписниците на Колективниот договор и треба да заврши во рок од 60 дена.

Член 75

Секое усогласување што потписниците ќе го постигнат мора да биде во писмена форма.

Со донесените решенија при усогласувањето се дополнува или изменува овој Колективен договор.

Член 76

Ако постапката за усогласување е неуспешна спорот се решава пред арбитражен совет, кој спорот треба да го реши во рок од 60 дена.

Бројот на арбитрите е непарен. Секој од учесниците именува по три арбитри.

Претседателот на арбитражниот совет го именуваат арбитрите спогодбено.

Советот одлучува со мнозинството гласови од вкупниот број членови. Одлуките на Советот се обврзувачки за двете страни и имаат сила на извршен наслов.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 77

Овој Колективен договор се склучува на неопределено време.

Член 78

Секој учесник може да предложи измени и дополнувања на Колективниот договор.

Предлогот образложен во писмена форма се доставува до другиот потписник кој е должен да се изјасни во рок од 30 дена.

Во случај ако другиот претставник не го прифати предлогот за измени и дополнувања или не се изјасни по предлогот во рок од став 1 на овој член, по претходно неуспешно усогласување, потписникот - предлагач може да започне постапка пред арбитражен совет.

Член 79

Потписниците се должни да го спроведуваат, контролираат и следат остварувањето на овој Колективен договор.

За толкување на одредбите на Колективниот договор, како и за следење на неговата примена потписниците формираат комисија.

Секој од потписниците на овој Колективен договор именува по 3 члена во комисијата.

Член 80

Членовите од 27 заклучно со 35 од овој Колективен договор не се применуваат сè додека има законски ограничувања.

Член 81

Колективните договори што се склучуваат на ниво на работодавец задолжително се евидентираат во Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК).

Член 82

Овој Колективен договор се регистрира кај органот на државната управа надлежен за работите на трудот и се објавува во Службен весник на Република Македонија.

Член 83

Овој Колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето.

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија
Претседател,
**Ацо Јанкуловски,** с.р.

Министерство за образование и физичка култура
Министер,
д-р **Емилија Симоска,** с.р.

---

**70.**

Врз основа на член 89 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр. 80/93) и член 5 од Општиот Колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност („Службен весник на РМ“ бр. 39/94), Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија и Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, на ден 27. 12. 1995 година, склучија

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

## ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Колективен договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работоводавецот од работен однос, како и обемот и начинот на остварување на правата, обврските и другите одредби за прашања од интерес на работниците и работодавецот како и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Овој Колективен договор важи за сите работници и работодавци во јавните средни училишта и ученичките домови во Република Македонија, во чие име Колективниот договор е склучен.

Член 2

Работодавец во смисла на овој Колективен договор е јавно средно училиште или ученички дом.

Член 3

Работник во смисла на овој Колективен договор е лице кое засновало работен однос во јавно средно училиште или ученички дом.

Член 4

Со Колективен договор на ниво на работодавец и со договор за работа можат да се утврдат поголеми права утврдени со овој Колективен договор, како и други права кои не се предвидени со овој Колективен договор, ако тоа не е во спротивност со Законот.

Доколку со Колективен договор на ниво на работодавец некои од правата на работниците се утврдени понеповолно од правата што произлегуваат од овој Колективен договор, се применуваат одредбите од овој Колективен договор.

Член 5

Овој Колективен договор може да се применува и непосредно.

### ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### I. ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС

**1. Услови за засновање на работен однос**

Член 6

Одлуката за потреба од засновање на работен однос ја донесува директорот на јавното средно училиште или ученичкиот дом.

Член 7

Работен однос може да заснова секое лице што ги исполнува условите утврдени со Закон, овој Колективен договор или акт на ниво на работодавец.

Посебни услови можат да се предвидат како услов за засновање на работен однос ако се потребни за извршување на работите на одредено работно место.

Како посебни услови за засновање на работен однос можат да се предвидат посебно: видот и степенот на стручната подготовка, посебни знаење и способности за извршување на соодветни работи, работно искуство, посебна здравствена состојба, психофизички способности и сл.

Како посебни услови за засновање на работен однос не можат да се утврдат: староста и полот, освен во случај кога тоа со посебни прописи поинаку не е утврдено.

За извршување на работи и работни задачи за кои како посебен услов не се бара стручна подготовка или друг вид стручна способност не може како посебен услов да се утврди работното искуство.

Член 8

По приговор на кандидатот кој не е избран на оглас одлучува Училишниот одбор.

Член 9

Проверка на способностите за вршење на работите на определено работно место врши работодавецот, односно органот што тој го овластил и тоа со:

– тестирање, аудиција, разговор и сл.

– следење на извршувањето на работните задачи за период од еден месец.

**2. Работен однос на определено време**

Член 10

Работен однос на определено време може да се заснова за време кое е однапред определено за настава, најмногу до 12 месеци во учебната година.

**3. Приправник**

Член 11

Должината на приправничкиот стаж се уредува во зависност од степенот на образование и тоа:

- за IV степен . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . до 6 месеци,
- за V степен . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . до 12 месеци,
- за VI степен . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . до 12 месеци,
- за VII степен . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . до 12 месеци.

Член 12

Приправникот заснова работен однос на определено време само во случаите ако:

– не постојат услови по завршувањето на приправничкиот стаж и успешно положениот испит да се вработи на соодветно работно место,

– приправникот сака да стекне работно искуство за самостојна работа.

Приправничкиот стаж се обавува според програма што ја донесува Министерството за образование и физичка култура.

Член 13

На приправникот приправничкиот стаж му се продолжува во случај на отсуство од работа кое надминува 10 дена од приправничкиот стаж, освен во случај на отсуство за време на годишен одмор.

**4. Распоредување на работник**

Член 14

Работникот во текот на траењето на работниот однос, според потребите на процесот за работа може да биде распореден на друго работно место во онаа дејност кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, квалификација односно способност, особено во следните случаи:

– ако работното место се укинува или е намален обемот на извршувањето,

– ако работното место на кое се распоредува работникот е слободно, односно испразнето.

Член 15

При распоредувањето, директорот е должен да ја утврди потребата од распоредување.

Одлуката за распоредување на работник ја донесува директорот.

Распоредувањето се врши откако директорот и работникот ќе потпишат Договор за работа или измени на Договорот за работа.

## II. ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНА ЗАШТИТА

**1. Одмори и отсуства**

Член 16

Должината на годишниот одмор ја утврдува директорот, особено врз основа на: должината на работното искуство, сложеноста на работите на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот.

Годишниот одмор наставниците го користат за време на летниот распуст на учениците.

Планот за користење на годишниот одмор се истакнува на огласна табла или со друг начин на писмено известување, најмалку 30 дена пред користењето на годишниот одмор на работникот.

Секој работник во рок од 15 дена од известувањето може да предложи распоред кој за него е поволен. Распоредот за користење на годишниот одмор го утврдува директорот.

За користење на боледување за време на годишен одмор работникот го известува директорот во рок од 24 часа, доколку за тоа постојат објективни можности.

Решението за користење на годишен одмор го донесува директорот.

Член 17

Работникот има право на отсуство од работа со надомест на плата до 7 дена во текот на календарската година во следните случаи:

- за склучување на брак . . . . . . . . . . . . . . . . 3 дена,
- за склучување на брак на деца . . . . . . . . . . . . 2 дена,
- за раѓање или посвојување дете . . . . . . . . . . . 2 дена,
- за смрт на сопружник или дете . . . . . . . . . . . . 5 дена,
- за смрт на родител, брат, сестра . . . . . . . . . . . 2 дена,
- за смрт на родител на сопружник . . . . . . . . . . 2 дена,
- за смрт на дедо или баба . . . . . . . . . . . . . . . 1 ден,
- за полагање стручен испит . . . . . . . . . . . . . . 3 дена,
- за селидба на семејство од едно во друго место . 2 дена,
- за елементарни непогоди . . . . . . . . . . . . . . 3 дена,
- за одење во АРМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2 дена,
- за селидба на семејство во исто место . . . . . . . . 1 ден,
- за испраќање во АРМ . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 ден,
- за неодложни и итни работи . . . . . . . . . . . . . 1 ден.

Во случаите од став 1, отсуство од работа се обезбедува без оглед на барањето на процесот на работата и се користи во деновите на траењето на основот.

Одлуката за отсуство од став 1 на овој член ја донесува директорот.

Член 18

Работникот може да користи отсуство без надомест на плата до 3 месеци во календарската година, особено во следните случаи:

- неодложни лични работи,
- нега на член на семејство, која не е медицински индицирана,
- за изградба или поправка на куќа, односно стан,
- за лечење на своја сметка,
- во други случаи на барање на работниците.

Работникот не може да користи отсуство за работа во странство, освен во случаите утврдени со Закон.

Барањето работникот го поднесува по правило најмалку 15 дена пред времето што го бара за користење.

Одлуката за отсуство од став 1 на овој член ја носи директорот.

**3. Заштита на работниците при работа**

Член 19

Работодавецот е должен да обезбеди систематски преглед еднаш годишно на работникот заради откривање на професионални заболувања, доколку со Закон не е поинаку уредено.

Средствата за систематски прегледи на работниците ги обезбедува работодавецот.

Член 20

На работник кој без своја вина ќе стане делумно или целосно работно неспособен за работното место, според акт на надлежен орган не може да му се даде отказ ниту да биде прогласен за технолошки вишок.

## III. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

Член 21

Работникот кој по своја вина ќе направи штета на работата, должен е истата да ја надомести.

Против одлуката за надомест на штета, што ја донесува работодавецот, односно од него овластен орган, работникот има право на приговор до Училишниот одбор во рок од 8 дена од донесувањето на одлуката.

Член 22

Училишниот одбор може поради оправдани причини да го ослободи работникот од плаќање на штетата во целина или делумно, под услов, случаи и критериуми утврдени со овој Колективен договор.

Член 23

Како опрвдани причини, случаи и критериуми поради кои Училишниот одбор може да го ослободи работникот од плаќање на штета во целина или делумно, се сметаат:

- ако штетата ја сторил да го заштити животот на работниците и учениците,
- ако штетата ја сторил да го заштити имотот на работодавецот,
- и други случаи утврдени со Колективен договор на ниво на работодавец.

## IV. ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

Член 24

Работодавецот е должен на работникот да му исплатува плата за извршена работа.

Платата се пресметува и исплатува најмалку еднаш месечно.

Платата на работникот за тековниот месец се исплатува во паричен износ.

Придонесите и даноците на платата на работникот ги плаќа работодавецот со исплата на платата.

Член 25

Работодавецот е должен на работникот да му даде потврда за исплатената плата, надоместоците и придонесите.

Член 26

Платата на работникот се состои од:

- плата за извршена работа,
- плата сразмерно на придонесот на работникот во создавањето на добивката.

**1. Плата за извршена работа**

Член 27

Платата на работникот за полно работно време утврдена врз основа на сложеноста на работите не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност според овој Договор, која работодавецот е должен да ја исплати на работникот.

Член 28

Најниска плата за најнизок степен на сложеност ја утврдуваат и објавуваат потписниците на овој Колективен договор, која не може да биде пониска од најниската плата утврдена од потписниците на Општиот Колективен договор за јавни служби, јавни претпријатија, државни органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, најмалку еднаш квартално

Член 29

Работодавецот кај кого настанале тешкотии во работењето, врз основа на изготвена програма со која се обезбедува надминување на настанатите проблеми и мислење од Синдикатот, може да утврди отстапување од најниската плата утврдена според член 28 од овој Договор, со тоа што отстапувањето не може да изнесува повеќе од 20% од износот на најниската плата утврдена со овој Договор, а намалувањето не може да трае подолго од 6 месеци.

Работодавецот е должен на крајот на тековната година, доколку финансиските резултати по годишната пресметка тоа го овозможуваат, на работниците да им изврши исплата на разликата меѓу основната плата и помалку исплатената плата, од став 1 на овој член

Член 30

Најниска плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на работникот, се утврдува така што износот на најниската плата за најнизок степен на сложеност се множи со соодветниот коефициент за степенот на сложеност:

**I ГРУПА**

Едноставна рутинска работа и минимално знаење за обавување на работните задачи:

- општ работник.

Коефициент на сложеност 1,00

**II ГРУПА**

Помалку сложени работи и задачи, односно работи со едноставни средства за работа:
- хигиеничар,
- портир,
- курир,
- ложач,
- чувар,
- перачка,
- сервирка,
- садомичај.

Коефициент на сложеност 1,20

**III ГРУПА**

Средно сложени работи и задачи за кои се потребни потесни познавања за работата:
- мајстор за одржување,
- ракувач на парни котли,
- градинар,
- помошник готвач.

Коефициент на сложеност 1,60

**IV ГРУПА**

Сложени работи од широк профил за кои се потребни стручни познавања:

1. Подгрупа
- архивар,
- технички секретар,
- дактилограф.

Коефициент на сложеност 1,70

2. Подгрупа
- економ-домаќин
- благајник,
- готвач.

Коефициент на сложеност 1,80

3. Подгрупа
- сметководител,
- хаузмајстор.

Коефициент на сложеност 2,00

4. Подгрупа
- соработници во настава (лаборанти, демонстратори, инструктори и други соработници).

Коефициент на сложеност 2,10

**V ГРУПА**

Посложени работи кои бараат поголем степен на самостојност во извршувањето на работата:

Работните места се утврдуваат со Колективен договор на ниво на работодавец.

Коефициент на сложеност 2,30

**VI ГРУПА**

Многу сложени работи и задачи кои бараат креативност во нивното извршување:
- секретар,
- самостоен сметководител,
- раководител на работници.

Коефициент на сложеност 2,70

**VII ГРУПА**

**Високо сложени работи сврзани за изведување на настава и други работи кои бараат дополнително познавање на подрчјето на кое работи, со самостојност и креативност во нивното извршување.**

- наставник со:

а) ВСС

Коефициент на сложеност 3,00

б) ВШС

Коефициент на сложеност 2,80

в) ССС

Коефициент на сложеност 2,70

- стручни соработници
- воспитувачи

Коефициент на сложеност 3,00

Член 31

За сите други работни места кои не се наведени во член 30 се применува коефициентот на сложеност на соодветната група и подгрупа.

Член 32

Педагошките звања се вреднуваат со:

- 0,15 коефициент на соодветниот коефициент од групата и подгрупата на која припаѓа за пониското звање,
- 0,30 коефициент на соодветниот коефициент од групата и подгрупата во која припаѓа за повисокото звање.

Член 33

Коефициентот на наставникот за работа во специјални паралелки се зголемува за 0,20 коефициент.

Член 34

Коефициентот на наставникот од подгрупата на која и припаѓа се зголемува за класно раководство за 0,10 коефициент.

Член 35

Најниската плата на работникот за постигнат квалитет во работата во месецот може да се зголемува до 10%, а за неквалитетно извршување најниската плата може да се намалува до 10% што се определува со акт на работодавецот.

Член 36

За време на приправничкиот стаж на работникот му припаѓа 80% од најниската плата предвидена за работното место за кое се оспособува.

Член 37

Работникот има право на 0,5% додаток на платата за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 38**

Платата на работникот по час се зголемува најмалку:
- за работа подолго од полното работно време .35%
- за работа ноќе . . . . . . . . . . . . . . . . .35%

За работа во денови на празници утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

**2. Плата сразмерно на придонесот на работникот во создавањето на добивката**

Член 39

Доколку училиштето, односно ученичкиот дом остварува добивка истата се уредува со Колективен договор на ниво на работодавец.

### 3. Надоместоци на плата

Член 40

На работникот му припаѓаат надоместоци на плата за:
- годишен одмор,
- празници и неработни денови утврдени со Закон,
- отсуство поради бременост, раѓање, мајчинство и нега на дете,
- воена вежба,
- стручно оспособување и преквалификација, односно доквалификација согласно потребите на работодавецот,
- учество на обука за одбрана и заштита,
- јавување на покани на други надлежни органи,
- и други случаи утврдени со Колективен договор на ниво на работодавец.

Надоместоците на плата на работникот во случаите од став 1 на овој член се исплатуваат од средствата на работодавецот во висина на исплатената плата на работникот за периодот утврден со овој Колективен договор, кој не може да биде подолг од последните три месеци.

Надоместокот на плата од став 1, алинеа 4 од овој член се валоризира со просечниот пораст на платите кај работодавецот.

Член 41

За време на неспособност за работа до 7 дена работникот има право на надоместок на плата во висина од 70% до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето 80% и до 60 дена за сите денови 90% од платата на работникот исплатена во претходниот месец.

### 4. Други надоместоци

Член 42

Работникот има право на одделни надоместоци во висина утврдена со овој Колективен договор.

Основицата за пресметување на надоместоците на работниците претставува просечна месечна плата во стопанството на Републиката исплатена во претходните три месеци.

Висината на одделни надоместоци се утврдува во процент од основицата и тоа:
- 25% за регрес за исхрана доколку исхраната не е организирана,
- 100% за регрес за годишен одмор,
- 8% за дневници за службени патувања, а за странство во висина што е пропишана за работниците во органите за управата.

Покрај износот на дневницата без ноќевање, посебно се признава надомест на трошоците за ноќевање во износот назначен во хотелската сметка, освен за ноќевање во хотел од „de lux“ категорија.

Цела дневница му припаѓа на работникот за секои 24 часа поминати на службено патување и за остатокот на времето преку 12 часа, кога службениот пат трае повеќе денови.

Половина дневница му припаѓа на работникот кога службеното патување трае преку 8 часа и за остатокот на времето преку 8 часа кога патувањето траело повеќе дена.

Надоместокот за исхрана се исплаќа за тековниот месец, за деновите кога работникот е на работа.

Покрај надоместоците од став 3 на овој член на работникот му се исплатува и:
- трикратен износ од основицата при заминување во пензија,
- теренски додаток во зависност од обезбедените услови за престој на работникот на терен (сместување, исхрана и сл.) согласно акт на работодавецот, но не помалку од 8% од основицата,
- трошоци за превоз на работникот доколку оддалеченоста на местото на живеење од работното место е над 2 km, во случај кога нема организирано превоз за деновите кога работникот е на работа,
- до 30% од цената на литар гориво по поминат километар со патен налог за надомест на трошоците на користење на сопствен автомобил.

На работникот му се исплаќа парична помош:
- во случај на смрт на работникот во висина на три просечни месечни плати,
- во случај на смрт на член на неговото семејство во висина од две просечни месечни плати,
- во случај на потешка инвалидност или боледување подолго од 6 месеци му се исплаќа помош во висина од една просечна месечна плата,
- во случај на потешки последици од елементарни непогоди му се исплаќа помош во висина од една просечна месечна плата,
- во случај на селидба за службени потреби во висина на трошоците за селење.

Дневниците за службени патувања, регресот за исхрана и теренскиот додаток меѓусебно се исклучуваат.

Работниците имаат право на надомест за време на штрајк во висина не помалку од 60% од основицата од став 2 на овој член.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 43

Директорот обезбедува редовно и навремено информирање на работниците за:
- годишна програма за работа,
- позначајните решенија што влијаат на економската и социјалната положба на работниците,
- нацртите, односно предлозите на општите акти со кои се утврдуваат одредени прашања од областа на работните односи,
- организациони промени,
- годишните финансови планови и завршната сметка,
- предлог-одлуки со кои се утврдуваат правата на работниците,
- платите, надоместоците и други примања.

Начинот и формите на информирање на работниците ги определува работодавецот.

## VI. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 44

Работникот има право на образование кога тоа е во интерес на работодавецот.

Работникот е должен да се образува доколку работодавецот го упати на образование.

Доколку образованието е организирано во текот на работното време, времето поминато на образование се смета во редовното време, така што работникот има исти права како да бил на работа

Доколку образованието е организирано вон од работното време на работникот му припаѓа:
- износ согласно член 40, став 2 и 3 од овој Колективен договор,
- 1 работен ден за секој испит за образование за специјализација во средно образование,
- 1 работен ден за секој испит за виш или висок степен на оспособување,
- 2 работни дена за завршен испит при образование за специјализација во средно образование,
- 2 работни дена за одбрана на дипломска работа на виша или висока школа,

- 1 работен ден за секој испит на постдипломски студии,

- 3 работни дена за магистерски испит,

- 3 работни дена за докторат.

Бројот на работните денови наменет за стручно оспособување и усовршување се утврдува согласно должината и видот на оспособувањето со спогодба помеѓу работодавецот и работникот.

На работникот кој се оспособува во интерес на работодавецот и кој е упатен на оспособување му припаѓа надомест на трошоците сврзани со оспособувањето:

- превоз;

- котизација, школарина,

- трошоци за исхрана,

- трошоци за престој.

Одредбите од став 3 и став 6 се однесуваат на работници кои се упатени на оспособување и кои се оспособуваат во интерес на работодавецот.

Работодавецот е должен работникот кој е упатен на образование да го распореди на работно место согласно добиеното образование, за работниците што се оспособувале во интерес на работодавецот, во моментот (период) утврдени со спогодбата.

Меѓусебните права и обврски меѓу работниците кои се упатени на образование и работодавецот се утврдуваат со посебен договор.

Доколку работодавецот не ги исполни обврските од спогодбата за образование, работникот е ослободен од своите обврски што произлегуваат од таа спогодба. Доколку работникот не ги исполни своите обврски од спогодбата должен е на работодавецот да му ги надомести сите трошоци сврзани со образованието.

## VII. СИНДИКАТ И РАБОТОДАВЦИ

### 1. Услови за работа на Синдикатот

Член 45

Работодавецот е должен да му создаде услови за работење и дејствување на мнозинскиот Синдикат согласно Законот, како и:

- на барање на Синдикатот да му се доставаат податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба и да ги разгледа мислењата и предлозите на Синдикатот во постапката за донесување на одлуки и решенија што имаат влијание на материјалната и социјалната положба на работниците, во присуство на претставник на Синдикатот,

- стручни, административни и технички услови за работа на Синдикатот за остварување на синдикалните функции,

- на претставникот на Синдикатот да му се овозможи непречено комуницирање со работодавецот, односно со од него овластен претставник, како и да му се дозволи пристап на работните места на работниците кога тоа е неопходно за остварување на функциите на Синдикатот.

Член 46

На Синдикатот да му се доставуваат покани со материјали за седниците на соодветните органи и му се овозможува учество на неговите претставници, кога се одлучува по прашања кои влијаат врз материјалната и социјалната положба на работниците.

Член 47

Синдикалниот претставник кај работодавецот, за време на вршењето на својата должност во Синдикатот и две години по нејзиното престанување, не може да биде повикан на одговорност за синдикална активност.

Синдикалниот претставник поради синдикална активност не може:

- да биде преместен во рамките на ист работодавец и кај друг работодавец,

- да му престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени,

- да му престане работниот однос со отказ од страна на работодавецот без согласност на републичкиот орган на Синдикатот,

- да биде распореден на понеповолно работно место.

Член 48

На претставникот на Синдикатот треба да му се овозможи и ослободување од работа за синдикално оспособување и ефикасно вршење на функциите на Синдикатот.

Претставникот на мнозинскиот Синдикат се ослободува од работните обврски на работно место заради извршување на функциите на Синдикатот со писмен договор помеѓу синдикалниот претставник и работодавецот во кој се утврдува времето на користење со надомест на плата.

Член 49

Раководните органи на работодавецот, како и Училишниот одбор должни се да ги разгледуваат предлозите, иницијативите, мислењата и барањата на Синдикатот во врска со остварувањето на правата, обврските и од трудот и по основ на трудот и за заземените ставови да го известат Синдикатот.

Директорот е должен да го прими на разговор синдикалниот претставник на негово барање и со него да ги разгледа прашањата во врска со синдикалната активност и што се од материјален интерес на вработените.

Директорот е должен без надоместок да ги осигура следните услови за работа на Синдикатот:

- простор за одржување на состаноци,

- право на користење на телефон и телефакс во работното време и 2 часа потоа,

- слобода на синдикално информирање и распределба на синдикалниот печат,

- технички услуги за работа на Синдикатот во обем неопходен за остварување на синдикалните активности,

- пресметка и уплата на синдикалната членарина преку исплатни листи.

### 2. Остварување на правото за штрајк

Член 50

Правото на штрајк работниците го остваруваат во согласност со закон за штрајк.

## VIII. ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС

### 1. Престанок на работен однос по сила на закон

Член 51

Работодавецот може да одлучи работникот кој наполнил 40 години стаж на осигурување или 65 години живот да остане во работен однос под следните услови:

- ако со огласување на потребата за работник, односно конкурс не може да се обезбеди работник кој ги исполнува потребните услови,

- ако работникот наврши 65 години живот, а нема 15 години пензиски стаж може да остане во работен однос додека не наполни 15 години пензиски стаж.

Во случај од став 1, алинеа 1 на овој член работодавецот е должен да пријави потреба за работник, односно да објави оглас секои 6 месеци.

На работникот од став 1, алинеа 1 на овој член му престанува работниот однос ако по објавувањето за потребата од работник односно распишаниот конкурс

се јави кандидат кој ги исполнува условите за работа на тоа работно место, како и ако работодавецот не пријави потреба за работник, односно не распише конкурс според став 2 на овој член

**2. Престанок на работен однос со отказ**

Член 52

Работниот однос на работникот му престанува поради кршење на работната дисциплина, неисполнување на обврските утврдени со Закон, Колективен договор и Договор за работа или ако е неспособен да ги извршува работните задачи, во случаите и под услови утврдени со Закон, Колективен договор на ниво на работодавец, но само ако работодавецот на работникот претходно му достави писмена опомена, освен во случаите утврдени со Закон.

Со Колективен договор на ниво на работодавец поблиску се утврдуваат условите и околностите на случаите за престанок на работниот однос со отказ.

Член 53

За секоја повреда на работната дисциплина, неисполнувањето на обврските и поради неспособност за извршување на работните задачи, пред да му престане работниот однос со отказ, овластениот работник од Училишниот одбор е должен да поднесе пријава до директорот за престанок на работен однос со отказ, освен во случаите утврдени со Закон.

Член 54

Пред престанокот на работниот однос на работникот со отказ, работодавецот е должен да побара од работникот писмено да се изјасни за причините за престанок на работниот однос со отказ.

Член 55

Со Колективен договор на ниво на работодавец се утврдува органот надлежен за донесување на одлука за престанок на работен однос со отказ.

Против одлуката за престанок на работен однос со отказ, работникот има право на приговор до Училишниот одбор

Член 56

Одлуката за престанок на работниот однос на работникот, работодавецот е должен да ја донесе за еден месец од денот на дознавањето на повредата на работната дисциплина, неисполнувањето на обврските и поради неспособност на извршувањето на работните задачи, односно во рок од 3 месеци од денот кога е сторена повредата

Член 57

Пред донесување одлука за престанок на работен однос, работодавецот треба да го извести претставникот на Синдикатот и е должен неговото мислење да го земе предвид при донесувањето на одлуката, ако истото е доставено.

**Отказен рок**

Член 58

Должината на отказниот рок изнесува

| | |
|---|---|
| - до 15 години работен стаж | 1 месец, |
| - од 15 до 25 години работен стаж | 2 месеци, |
| - над 25 години работен стаж | 3 месеци |

Член 59

Со Колективен договор на ниво на работодавец поконкретно се утврдува отказниот рок за одделни причини за отказот.

Член 60

За време на отказниот рок, во случај на отказ даден од страна на работодавецот, работодавецот е должен на работникот да му овозможи отсуство од работа поради барање ново вработување два часа дневно или 4 дена во текот на еден месец.

Времето на користење на отказниот рок на работникот му следува плата согласно Колективен договор на ниво на работодавец, сразмерно за времето поминато на работа.

Член 61

Директор кој не е назначен на оглас или е разрешен предвремено го задржува работниот однос кај работодавецот на работно место соодветно на неговата стручна подготовка.

**3. Престанок на работен однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени**

Член 62

На работникот не може да му престане работниот однос поради економски, структурални и слични промени, доколку не му се обезбеди едно од правата по основ на работа утврдена со Закон, во согласност со критериумите утврдени во овој Колективен договор.

Член 63

Критериумите за престанок на работниот однос поради економски, технолошки, структурални и слични промени се:

- степен на стручна подготовка и квалификација,
- работно искуство,
- успешност во работењето,
- видот и значењето на работното место,
- работен стаж,
- возраст,
- здравствена состојба,
- економско-социјална состојба.

Член 64

Критериумите за утврдување вишок на работници се искажуваат во бодови и тоа:

А) Степен на стручна подготовка и квалификација до 20 бода

| | |
|---|---|
| - високо образование | 20 бода, |
| - више образование | 15 бода, |
| - средно образование | 10 бода. |

Б) Работно искуство до 16 бода

- работно искуство на работно место во дејноста со соодветна стручна подготовка за година 0,4 бода,
- работно искуство за кое се бодира, а бил со пониска стручна подготовка за година 0,2 бода,
- работно искуство за несоодветно работно место, а со соодветна стручна подготовка за местото за кое се бодира за година 0,1 бода.

В) Успешност во работењето до 44 бода

- придонес и резултати во редовната настава до 12 бода,
- придонес и резултати преку вон наставни активности до 8 бода,
- поширок придонес во образованието (автор, коавтор или рецензент на учебник, збирка, прирачник или скрипта, иноватор, автор на стручни написи и сл) до 12 бода,

Звања и други државни признанија:

- истакнат педагошки работник до 3 бода,
- особено истакнат педагошки работник до 6 бода,
- државни признанија и одликувања за посебни заслуги во образованието до 3 бода.

Г) Видот и значењето на работното место до 4 бода.
Д) Работен стаж (0,10 бода за година) до 4 бода.
Ѓ) Возраст до 4 бода.
Е) Здравствена состојба до 4 бода.
- работник со хронична болест до 2 бода,
- работник со послабо здравје како последица на несреќен случај или професионални заболувања до 2 бода.

Здравствената состојба се утврдува врз основа на документација која ја издава соодветната здравствена установа.

Ж) Економско-социјална состојба до 4 бода.
- работник кој негува дете, стар човек или брачен другар со телесни мани и недостатоци до 2 бода,
- вработен само еден брачен другар 1 бод,
- самохран родител 1 бод.

Критериумите од претходниот член можат да се доразработат со Колективен договор на ниво на работодавец.

Член 65

Кога за определен број работници престанала потребата за работа, а на работното место работат два или повеќе работници, за вишок се утврдуваат работниците кои исполниле еден од условите за стекнување право за одење во пензија. Овие работници не се рангираат.

Член 66

Доколку по претходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржи работното место има работникот кој не поседува дуќан или стан кој го издава под закуп, не поседува обработливо земјиште над 4 хектари, не е сопственик на претпријатие или сосопственик, односно не е директор (застапник) на претпријатие чиј основач е тој или друго лице од потесното семејство, не врши приватна дејност како споредно занимање и брачниот другар не врши приватна дејност како споредно занимање.

Член 67

За технолошки вишок ќе биде прогласен работникот кој со примена на критериумите од претходните членови остварил најмал број заокружени бодови.

Рангирањето по критериумите го врши Комисија формирана од Училишниот одбор кој ја донесува одлуката за прогласување на технолошкиот вишок.

Член 68

Доколку по претходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место имаат:

- работничка за време на бременост и со дете до 2 години,
- самохран родител,
- усвоител на дете до 7 години,
- родител со потешко хендикепирано дете кој работи со скратено работно време,
- работник со престаната работна способност кој работи со скратено работно време,
- работник кој е до 5 години до исполнување на еден од условите за стекнување право за одење во пензија,
- еден од брачните другари кои се вработени кај ист работодавец.

Член 69

На работникот за кој престанала потребата од работа поради економски, технолошки, структурални и слични промени се применува член 130 од Законот за работни односи, а доколку одбие да користи едно од правата, работниот однос му престанува.

Член 70

Министерството за образование и физичка култура посредува при преземање на работникот, согласно член 130, точка 1 од Законот за работни односи.

Директорот е должен да ги пријави слободните работни места и непополнетите наставни часови до Министерството за образование и физичка култура.

## IX. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 71

Заради повреда на правата утврдени со Закон или Колективен договор, работникот има право да поднесе приговор до Училишниот одбор.

Работникот има право да присуствува непосредно во постапката по приговорот и при тоа да биде застапуван од Синдикатот.

Работникот кој отсуствува од работа поради остварување на правата од работен однос, ќе се смета како да бил на работа и по тој основ не може да му се намалува платата.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ И АРБИТРАЖА

Член 72

За решавање на споровите меѓу потписниците на овој Колективен договор, што не може да се решат со меѓусебно преговарање се формира комисија за усогласување.

Член 73

Секој од потписниците именува по три члена во комисијата за усогласување.

Членовите на комисијата спогодбено именуваат претседател.

Член 74

Постапката за усогласување започнува на барање на еден од потписниците на Колективниот договор и треба да заврши во рок од 60 дена.

Член 75

Секое усогласување што потписниците ќе го постигнат мора да биде во писмена форма.

Со донесените решенија при усогласувањето се дополнува или изменува овој Колективен договор.

Член 76

Ако постапката за усогласување е неуспешна спорот се решава пред Арбитражен совет, кој спорот треба да го реши во рок од 60 дена.

Бројот на арбитрите е непарен. Секој од учесниците именува по три арбитри.

Претседателот на Арбитражниот совет го именуваат арбитрите спогодбено.

Арбитражниот совет одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Одлуките на Арбитражниот совет се обврзувачки за двете страни и имаат сила на извршен наслов.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 77

Овој Колективен договор се склучува на неопределено време.

Член 78

Секој учесник може да предложи измени и дополнувања на Колективниот договор.

Предлогот образложен во писмена форма се доставува до другиот потписник кој е должен да се изјасни во рок од 30 дена.

Во случај ако другиот потписник не го прифати предлогот за измени и дополнувања или не се изјасни по предлогот во рок од став 1 на овој член, по претходно неуспешно усогласување, потписникот предлагач може да започне постапка пред Арбитражниот совет.

Член 79

Потписниците се должни да го спроведуваат, контролираат и следат остварувањето на овој Колективен договор.

За толкување на одредбите на Колективниот договор како и за следење на неговата примена потписниците формираат комисија.

Секој од потписниците на овој колективен договор именува по 3 члена во Комисијата.

Член 80

Членовите, почнувајќи од 27 па заклучно со 35 од овој Колективен договор не се применуваат сè додека има законски ограничувања.

Член 81

Колективните договори склучени на ниво на работодавец задолжително се евидентираат кај Самостојниот синдикат за образование, наука и култура.

Член 82

Овој колективен договор се регистрира кај органот на државната управа надлежен за работите на трудот и се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Член 83

Овој колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето, а се применува со објавувањето.

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија
Претседател,
**Ацо Јанкуловски,** с.р.

Министерство за образование и физичка култура
Министер,
д-р **Емилија Симоска,** с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд се води спор за исполнување на договор, по правната работа на тужителот Лазар Поп Ивцев од Скопје, ул. „Гиго Михајловски" бр. 10/IV-13, против тужениот Киро Симиќ од СРЈ со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот неопределена.

Со решение бр. 3011-2760 од 30.XI.1995 година за привремен старател на тужениот поставен е Владимир Туфегџиќ, адвокат од Скопје кој ќе ги застапува интересите на тужениот сè до неговото јавување пред овој суд.

Од Општинскиот суд Скопје I - Скопје, XV.П.бр. 3469/95. (575)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар во тек е процесна постапка за надомест на материјална и нематеријална штета по тужбата на Иссини Елеза Ќемал и Исеини Ќемала Насфије, застапувани од адвокатот Амир Абдулаи од Гостивар, против тужениот Јакупи Хафет од с. Добридол, сега со непозната адреса во Република Словенија. Вредност на спорот неопределена.

Се повикува Јакупи Хафет од с. Добридол - Гостиварско да се јави во Општинскиот суд во Гостивар во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот и во истиот рок да ја достави точната адреса на живеење. Во спротивно ќе му биде поставен привремен застапник, кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

За привремен застапник се назначува Имер Фазлиу дипломиран правник, стручен соработник при Општинскиот суд во Гостивар. Привремениот застапник ќе го застапува тужениот во постапката, сè додека тужениот или негов полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П бр 1122/94. (567)

Пред Општинскиот суд во Гостивар во тек е процесна постапка за сопственост на недвижен имот по тужбата на тужителот Феузи Елези од с. Дебреше - Гостиварско застапуван од полномошникот Рихам Исмаили, адвокат од Гостивар, против тужениот Фаризи Ибраима Абдулрезак од с. Дебреше, сега со непознато престојувалиште. Вредност на спорот неопределена.

Како престојувалиштето на тужениот е непознато, а тужениот нема полномошно во постапката со решение на овој суд на тужениот Фаризи Ибраим Абдулрезак од с. Дебреше за привремен застапник е назначен Фидани Шоип, дипломиран правник од с. Добридол стручен соработник на работа при Општинскиот суд во Гостивар.

Привремениот застапник ќе го застапува тужениот во постапката сè додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот односно додека органот за старателство не го извести судот дека назначил старател.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П.бр. 1036/95 год (570)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд во тек е постапка за надомест на штета, по основ задобиени лесни телесни повреди, по тужбата на малолетната Рената Илиќ од Куманово застапувана од законската застапничка Славица Илиќ чиј полномошник е адвокатот Радован Чепмаџиски, против тужениот Василије Станимировиќ, ул. „Сава Ковачевиќ" бр. 26. Вредност на спорот 87.000 денари.

Бидејќи тужениот подолго време се наоѓа во странство со непозната адреса се повикува да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Доколку тоа во определениот рок не го стори на истиот ќе му биде поставен привремен застапник во смисла на член 84 од ЗПП.

Од Општинскиот суд во Куманово, П бр. 1132/94. (571)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО РЕСЕН

Се повикува лицето Методија Стојчевски од с. Кривени, со последно место на живеење во Варна - Бугарија, како и секој друг што знае за него или за неговиот живот да се јави во Општинскиот суд во Ресен во рок од три месеци од објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ" Во спротивно, неговата смрт ќе се докаже по постапката што следува.

Од Општинскиот суд во Ресен, ВПП бр. 46/95. (572)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Ходаи Хиријет, родена Етеми од

Тетово, ул. „Охридска" бр 5, против Ходаи Локман од Тетово, сега со непозната адреса во Германија

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави на судот и достави адреса или пак постави свој застапник Во спротивно, судот ќе му постави старател кој ќе го води процесот во негово име.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1810/95. (568)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за утврдување на брак по тужба на тужителката Милана Марковиќ од Тетово против Љуба Спасиќ од Тетово сега со непозната адреса во СР Југославија.

Се повикува тужениот да во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во судот или да одреди свој полномошник.

Во спротивно, судот ќе му одреди полномошник преку Центарот за социјална работа - Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1903/95. (573)

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Шериф Арифи од с. Одри, Тетовско против тужената Жанета Арифи родена Лацзова со непозната адреса во Словачка.

Се повикува тужената Жанета Арифи, родена Лацзова сега со непозната адреса во Словачка, во рок од 15 дена да се јави пред Општинскиот суд во Тетово или овласти свој полномошник. Во спротивно, судот преку Центарот за социјални работи ќе одреди привремен застапник кој ќе се грижи за нејзините интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1857/95. (574)

**Пред овој суд се води спор за раскинување на договорот за доживотна издршка и поништување на договорот за поклон по тужбата на тужителката Илинка Матовска од с. Одри, против тужениот Павле Матовски од с. Одри, а сега со непозната адреса во САД. Вредност на спорот 10.000 денари. Бидејќи тужениот е со непозната адреса во странство, се повикува во рок од 15 дена да се јави во судот, достави точна адреса на живеење, или, постави свој полномошник. Во спротивно, судот по службена должност по истекот на овој рок ќе му постави привремен старател, кој ќе се грижи за неговите права во постапката.**

**Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1746/95. (569)**

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението Ст бр 741/95 од 08 XI 1995 година е отворена стечајна постапка над должникот ПП „Инлес Мак" од Скопје, ул „Ратко Митровиќ" бб

За стечаен судија е одредена Мирјана Немет, судија при овој суд

За стечаен управник е одреден Лука Гурчиновски ул „Иво Лола Рибар бр 100 телефон 254-025

Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ", до стечајниот совет со пријава во два примероци со докази Се задолжуваат должниците да ги намират долговите спрема стечајниот должник, без одлагање

**Рочиште за испитување на пријавените побарувања се закажува на ден 27 XII.1995 година во 8,25 часот, соба број 53-а, при овој суд.**

**Од Окружниот стопански суд во Скопје. (2237)**

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението Ст. бр 774/95 од 13 XI.1995 година е отворена стечајна постапка над должникот „Гранд Инжинеринг" од Скопје, бул „АВНОЈ" бр. 60-2/20.

За стечаен судија е одреден Мирко Петровски од Скопје, судија при овој суд.

За стечаен управник е одреден Мирко Петровски од Скопје, ул. „АВНОЈ" бр 68/4, телефон 417-488

Се повикуваат доверителите на стечајниот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ", до стечајниот совет со пријава во два примероци со докази. Се задолжуваат должниците да ги намират долговите према стечајниот должник, без одлагање.

Рочиште за испитување на пријавените побарувања се закажува на ден 27.XII.1995 година во 8,50 часот, соба број 53-а при овој суд

Од Окружниот стопански суд во Скопје (2238)

## ЛИКВИДАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Л бр. 422/95 од 26 XII 1995 година објавува дека отвори постапка за редовна ликвидација над Претпријатието за книговодство, услуги и трговија „Комета" д.о.о - Скопје, ул. „Корцевска" бр 35, жиро сметка бр 40100-601-319134

За ликвидационен управник се определува Илија Димитријевски од Скопје, ул. „Димо Хаџидимов" бр 41-а, телефон 203-937.

Се повикуваат доверителите на ликвидациониот должник да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ" до ликвидациониот совет на овој суд со пријава во два примероци со докази Се задолжуваат должниците да ги измират своите долгови према ликвидациониот должник без одлагање

Се закажува рочиште за испитување на побарувањата на доверителите на ликвидациониот должник на ден 15 II 1996 година во 11 часот во соба број 60 во овој суд

Од Окружниот стопански суд во Скопје (2236)

## МАЛИ ОГЛАСИ

### Се огласуваат за неважни следните печати:

Тркалезен и правоаголен печат под назив: „Производно, трговско услужно, транспортно претпријатие „ЕВРОИМПЕКС" Д.О.О. Експорт-Импорт, Скопје". (6750)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Претпријатие за производство, трговија и услуги „МАН-95" Д.О.О. Скопје". (6751)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Претпријатие за производство, трговија, туризам и услуги „ПЕГ" ц.о. експорт-импорт Скопје". (6752)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Претпријатие за производство, трговија на големо и мало „БПА" ц.о. увоз-извоз Скопје". (6753)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Мешовито претпријатие за производство, трговија и услуги „АК САРАЈ - САРАЈ" Д.О.О. Експорт-Импорт с. Сарај Скопје". (6754)

### Се огласуваат за неважни следните документи:

Пасош бр. 069290 на име Емрули Насер с. Добридол, Гостивар. (4)

Пасош бр. 0341699 на име Алтипармаков Љупчо ул. „Партизанска" бр. 47-А/19, Битола. (5)

Акцептни налози број А 4150004 и број А 4150002 од П. „Интермарк" Д.О.О. Кичево со сметка 40320-601-25573. (6755)

Пасош бр. 592664/95 издаден од УВР Тетово на име Нејази Беќири с. Д. Палчиште, Тетово. (6756)

Пасош бр. 0085207/93 издаден од УВР Скопје на име Азизи Авдираиф с. Ларце, Тетово. (6757)

Пасош бр. 0222173 издаден од УВР Струмица на име Ќамил Исинов, Струмица. (6758)

Пасош бр. 417917 издаден од УВР Струмица на име Михајлов Душко с. Добрејци 283, Струмица. (6759)

Пасош бр. 543648 издаден од УВР Струмица на име Златановски Трајан с. Дражево 3, Струмица. (6760)

Диплома за завршено средно образование издадена од УЦСО „Цар Самоил" - Ресен на име Бекири Албен с. Грнчари, Ресен. (6761)

Тековна сметка број 74/92 и чекови бр. 624352, 729387, 729388, 729389, 729390, 742436, 742445, 749520, 749521, 749522, 749523, 749524, 749525, 749526, 749527, 749528 издадени од Стопанска банка филијала Св Николе на име Ангел Димитров ул „Питу Гули" бр. 100 Св. Николе. (6762)

Пасош бр. 70299 издаден од ОВР Кичево на име Бељан Виолета, Кичево. (6762-а)

Пасош бр. 090273 на име Јашари Шабан с. Топлица, Гостивар. (6763-а)

Пасош бр. 491631/94 издаден од УВР Куманово на име Зоран Станковски, ул. „6-ти Април" бр. 9, Куманово. (6789)

Пасош бр. 052826 на име Емин Камил, Дебар. (6750-а)

Пасош бр. 494681 на име Љутвии Исмаил, с. Отља, Куманово. (6751-а)

Пасош бр. 0365067 на име Фида Барије, Дебар. (6664-а)

Пасош бр. 166709 на име Џемаили Хајредин, с. Дебреше, Гостивар. (6526-а)

Пасош бр. 054320 на име Даштевски Александар, ул. „И. Милутиновиќ" бр. 19, Куманово. (6525-а)

Пасош бр. 0149669, издаден од УВР - Титов Велес на име Тасев Александар, с. Чалошево, Титов Велес. (6663-а)

Пасош бр. 0470876, издаден од УВР - Битола на име Христо Колев, с. Трново, Битола. (6625-а)

Пасош бр. 0198734, издаден од УВР - Тетово на име Алити Фадил, с. Ларце, Тетово. (6635-а)

Пасош бр. 99345/94, издаден од ОВР - Крушево на име Зорниќ Ешеф, с. Житоше, Крушево. (6685-а)

Решение Уп. бр. 12-3583 од 12.IV.1991 година, за промет на мало со млечни производи, издадено од Општински секретаријат за стопанство и труд при СО - Центар - Скопје на име Шабановиќ Рахман и Георги Алексиев, Скопје. (6763-а)

Пасош бр. 744534/95, издаден од УВР - Скопје на име Љубомир Насев, ул. „95" бр. 51, Скопје. (6763)

Пасош бр. 387088/94, издаден од УВР - Скопје на име Сефедин Сала, с. Чајлане, Скопје. (6764)

Пасош бр. 447893/94, издаден од ГУВР - Скопје на име Саит Сахити, ул. „1141" бр. 109-а, Скопје. (6765)

Пасош бр. 156363/94, издаден од УВР - Скопје на име Алит Шаќири, бул. „Македонско-Косовска ударна бригада" бр. 38/11, Скопје. (6766)

Пасош бр. 0034699/93, издаден од УВР - Скопје на име Бајрам Мустафа, с. Сарај, ул. „М. Тито" бр. 95, Скопје. (6767)

Решение Уп.бр. 14-5880 од 28.XI.1995 година, издадено од СО Карпош - Скопје на име Зибери Џемаил, Скопје. (6621)

Решение бр 12-1230 од 01 II 1988 година, издадено од СО „Центар" - Скопје на име Мустафи Шабан, Скопје (6622)

Решение бр. 25-1439 од 15.VI 1993 година, издадено од Министерството за стопанство ПОЕ - Карпош, Скопје на име Панче Блажевски, Скопје. (6623)

Решение Уп. бр. 12-4922 од 08.VII.1988 година, издадено од СО Центар, Скопје на име Блажевски Велимир и Павловски Никола, Скопје. (6624)

Решение бр. 14-5616 од 11.IX.1990 година, издадено од СО Карпош - Скопје на име Благоја Илиевски, Скопје. (6625)

Решение бр. 14-6226 од 08.XII.1992 година, издадено од Министерство за стопанство ПОЕ - Карпош - Скопје на име Бранко Андовски, Скопје. (6626)

Решение бр. 18-10550/1 од 05.XI.1993 година, издадено од Министерството за односи со странство - Скопје за отворање претставништво на странско лице ООД „Петрокром" од Петрич - Република Бугарија на име Васко Кантарџиев, с. Турново, Струмица. (6627)

Чековна картичка бр. 209296405 и чек бр. 1850583, издадени од Комерцијална банка а.д. - Скопје на име Верка Таневска, Скопје. (6685)

Чековна картичка бр. 14039-82 и чекови од бр. 2453901 до 2453908 и 2417182, издадени од Комерцијална банка а.д. - Скопје на име Анастазија Рибарски, Скопје. (6686)

Чековна картичка бр. 0005005.57 и чековите од бр. 0002445127 до 0002445130, издадени од Комерцијална банка а.д. - Скопје на име Флорина Васовиќ, Скопје. (6687)

Чековна картичка бр. 6724627 и чекови бр. 2395885, 2395886 и 2395891, издадени од Комерцијална банка а.д. - Скопје на име Јованка Грујоска Георгиева, Скопје. (6688)

Пасош бр. 317682 на име Крстева Гордана с. Теранци, Кочани. (1)

Пасош бр. 0581400 на име Шутевска Лидија ул. „Стевче Батако" бр. 36, Битола. (2)

Пасош бр. 08630 издаден од ОВР Струга на име Мерко Аџем, с. Радолишта, Струга (3)

---

# ОБЈАВИ

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал НИП „Нова Македонија" - Скопје

## ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 8.12.1995 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со - откуп на претпријатието.

Со содржината на Одлуката заинтересираните домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бб - Скопје, во соба 1203 на XII кат во време од 8 до 14 часот.

---

Врз основа на член 17 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал „МАКЕДОНИЈА" - Скопје

## ОБЈАВУВА

Дека Комисијата на Владата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал на седницата одржана на 11.12.1995 година, донесе Одлука за трансформација на претпријатието, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со опшествен капитал.

Трансформацијата на претпријатието ќе се изврши со: откуп на претпријатието од страна на вработените.

Со содржината на Одлуката сите заинтересирани домашни и странски правни лица ќе можат да се запознаат преку непосреден увид, во деловните простории на претпријатието, кое се наоѓа на ул „Сава Ковачевиќ" бб - Скопје во време од 07 до 14,00 часот.

---

Врз основа на член 12 од Законот за персоналниот данок од доход („Службен весник на Република Македонија", број 80/93, 3/94 и 70/94), Министерството за труд и социјална политика

## ОБЈАВУВА

Просечната месечна нето плата по работник во Републиката за месец декември 1995 година која се применува за акontативно пресметување на персоналниот данок од доход изнесува 8.900,00 денари.

Министер
за труд и социјална политика,
**Илјаз Сабриу**, с.р

Врз основа на членот 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94 и 62/95), Министерството за труд и социјална политика

ОБЈАВУВА

Платата по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плата за месец декември 1995 година не може да изнесува помалку од утврдената по одделни гранки и тоа:

| Шифра | Гранка | Основица |
|---|---|---|
| 0101 | Електростопанство | 7.572 |
| 0102 | Производство на јаглен | 6.876 |
| 0105 | Производство на нафтени деривати | 9.851 |
| 0106 | Производство на железна руда | 6.328 |
| 0107 | Црна металургија | 4.648 |
| 0108 | Производство на руди на обоени метали | 5.617 |
| 0109 | Производство на обоени метали | 9.846 |
| 0110 | Преработка на обоени метали | – |
| 0111 | Производство на неметални минерали (без градежен материјал) | 5.977 |
| 0112 | Преработка на неметални минерали (без градежен материјал) | 5.255 |
| 0113 | Металопреработувачка дејност | 3.914 |
| 0114 | Машиноградба | 4.991 |
| 0115 | Производство на сообраќајни средства | 5.355 |
| 0117 | Производство на електрични машини и апарати | 4.607 |
| 0118 | Производство на базни хем. производи | 6.521 |
| 0119 | Преработка на хемиски производи | 7.577 |
| 0120 | Производство на камен, чакал и песок | 6.135 |
| 0121 | Производство на градежен материјал | 9.643 |
| 0122 | Производство на режана граѓа и плочи | 3.656 |
| 0123 | Производство на финални произв. од дрво | 3.369 |
| 0124 | Производство и преработка на хартија | 6.386 |
| 0125 | Производство на текстил. предива и ткаен. | 3.258 |
| 0126 | Произв. на готови текстилни производи | 3.675 |
| 0127 | Производство на кожа и крзно | 2.330 |
| 0128 | Произв. на кожни обувки и галантерија | 2.044 |
| 0130 | Производство на прехранбени производи | 6.633 |
| 0131 | Производство на пијалаци | 7.849 |
| 0132 | Производство на добиточна храна | 6.546 |
| 0133 | Производство и преработка на тутун | 7.027 |
| 0134 | Графичка дејност | 4.521 |
| 0135 | Собирање и примарна преработка на индустриски отпадоци | 5.293 |
| 0139 | Производство на разновидни производи | 7.059 |
| 0201 | Земјоделско производство | 4.522 |
| 0202 | Земјоделски услуги | 7.280 |
| 0203 | Рибарство | 4.347 |
| 0300 | Шумарство | 4.953 |
| 0400 | Водостопанство | 5.797 |
| 0501 | Високоградба | 4.117 |
| 0502 | Нискоградба и хидроградба | 4.942 |
| 0503 | Инсталатерски и завршни работи во градежништвото | 4.278 |
| 0601 | Железнички сообраќај | 5.825 |
| 0604 | Воздушен сообраќај | 9.830 |
| 0605 | Друмски сообраќај | 5.103 |
| 0606 | Градски сообраќај | 6.665 |
| 0608 | Претоварни услуги | – |
| 0609 | ПТТ услуги и врски | 8.026 |
| 0701 | Трговија на мало | 4.659 |
| 0702 | Трговија на големо | 6.841 |
| 0703 | Надворешна трговија | 9.301 |
| 0801 | Угостителство | 4.332 |
| 0802 | Туристичко посредување | 6.087 |
| 0901 | Занаетчиски услуги и поправки | 5.244 |
| 0902 | Лични услуги и услуги на домаќинство | 4.795 |
| 1001 | Уредување на населби и простори | 6.547 |
| 1002 | Станбена дејност | 9.803 |
| 1003 | Комунална дејност | 6.046 |
| 1101 | Банкарство | 7.538 |
| 1102 | Осигурување на имоти и лица | 11.844 |
| 1103 | Услуги во областа на прометот | 10.598 |
| 1104 | Проектир. и сродни техн. услуги | 5.965 |
| 1105 | Геолошки истражувања | 6.031 |
| 1106 | Истражувачко развојна работа (освен научно истражувачка) | 5.955 |
| 1109 | Деловни услуги | 8.549 |
| 1201 | Образование | 5.933 |
| 1202 | Научно – истражувачка дејност | 6.731 |
| 1203 | Култура, уметност и информации | 6.228 |
| 1204 | Физичка култура и спорт | 5.337 |
| 1301 | Здравствена заштита | 6.448 |
| 1302 | Општествена заштита на децата и младината и социјална заштита | 5.232 |
| 1401 | Органи на државна власт | 6.302 |
| 1402 | Самоуправни интересни заедници | 6.597 |
| 1403 | Здруженија | 8.644 |
| 1404 | Политички партии и општествени организации и здруженија | 7.574 |

Министер
за труд и социјална политика,
**Илјаз Сабриу**, с.р.

---

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93), Заводот за статистика го утврдува и објавува

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 1995 ГОДИНА**

Кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија во периодот јули-декември 1995 година во однос на просечните цени на мало во првото полугодие 1995 година изнесува 3,0%.

Директор,
**Светлана Антоновска**, с, р.

---

## СОДРЖИНА

Страна

1649. Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија . . . 2053
1650. Закон за гаранција на Република Македонија по договорите за заем за набавка на опрема за ЈП „Електростопанство на Македонија“ – Погон РЕК Осломеј . . . 2053
1651. Закон за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити . . . 2054
1652. Закон за изменување и дополнување на Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби . . . 2055
1653. Закон за изменување на Законот за царинската тарифа . . . 2055
1654. Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993, 1994 и 1995 година . . . 2056
1655. Закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет . . . 2056
1656. Одлука за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија . . . 2057
1657. Одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1996 година . . . 2057

1658. Одлука за целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1996 година . . . . . 2060
1659. Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија . . . . . 2060
1660. Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија . . . . . 2060
1661. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот институт Скопје . . . . . 2060
1662. Одлука за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган - декан на Фармацевтскиот факултет во Скопје . . . . . 2061
1663. Одлука за определување највисоки цени на ПТТ услугите . . . . . 2061
1664. Одлука за определување највисоки цени за превоз на патници и стока во внатрешниот железнички сообраќај . . . . . 2061
1665. Одлука за определување највисоки цени на одделни производи и услуги . . . . . 2061
1666. Одлука за отстапување на одземени производи од страна на пазарната инспекција од непознати лица . . . . . 2061
1667. Одлука за одобрување на позајмица од Буџетот на Република Македонија . . . . . 2062
1668. Одлука за примена на Десеттата ревизија на Меѓународната статистичка класификација на болестите и на сродните здравствени проблеми . . . . . 2062
1669. Програма за дополнување на Програмата за заштита на социјално загрозеното население во 1995 година . . . . . 2062
1670. Макроекономска политика на Република Македонија за 1996 година . . . . . 2062
1671. Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на висината, условите и начинот на остварување на додатоците на деца . . . . . 2070
1672. Правилник за образецот на дозволата за возач на трактор и возачка потврда . . . . . 2070
1673. Правилник за составот, надлежноста и начинот на работата на комисиите за оценка на привремената спреченост за работа . . . . . 2073
1674. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на остварувањето на правата и обврските од здравственото осигурување . . . . . 2074
1675. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за образецот на здравствената легитимација и за начинот на нејзиното издавање, водење и користење . . . . . 2075
1676. Наредба за изменување на Наредбата за определување на производи и услуги за кои претпријатијата и другите правни и физички лица што вршат дејност се должни да доставуваат известување за цените . . . . . 2076
1677. Одлука за избор на член на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Домот на културата „25 Мај“ - Македонски Брод . . . . . 2077
1678. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Ветеринарната станица Титов Велес . . . . . 2077
1679. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Народниот театар - Куманово . . . . . 2077
1680. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Турската драма при Театарот на народностите - Скопје . . . . . 2077
1681. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Албанската драма при Театарот на народностите - Скопје . . . 2078
1682. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во Центарот за организирање приредби „Универзална сала“ - Скопје . . . . . 2078
1683. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Весели Цветови“ - Делчево . . . . . 2078
1684. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Пролет“ - Скопје . . . . 2078
1685. Одлука за именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Ветеринарната станица - Кавадарци . . . 2079
1686. Одлука за именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Матичната библиотека „Страшо Пинџур“ - Неготино . . . . . 2079
1687. Одлука за именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Домот на културата „Илинден“ - Демир Хисар . . . . . 2079
1688. Одлука за именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе при Домот на културата „25 Мај“ - Македонски Брод . . . . . 2079
1689. Одлука за именување претставници на Републиката во Советот на РО „Зоолошка градина“ - Битола . . . . . 2080
1690. Одлука за именување претставници на Републиката во Советот на Музејот на град Кратово . . . . . 2080
1691. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 160/95 од 20 декември 1995 година . . . . . 2080


**Колективни договори**


69. Колективен договор за основното образование во Република Македонија . . . . . 2081
70. Колективен договор за средното образование во Република Македонија . . . . . 2104
**Објава** за просечна месечна нето плата по работник во Републиката за месец декември 1995 година . . . . . 2114
**Објава** за плати по работник која претставува основица за пресметување на даноците и придонесите од плати за месец декември 1995 година . . . . . 2115
**Објава** за порастот на цените на мало во Република Македонија за месец декември 1995 година . . . . . 2115


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје, бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефони 228-204, 117-460 Телефакс 112-267. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија“ - Скопје**